СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Дваесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 ноември 1995 година

Скопје, ноември 1995 година

# I ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 29-та СЕДНИЦА, ОДРЖАНА НА 7 XI. 1995 ГОДИНА

1. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД – 105
2. АЛИТИ АБДУРАХМАН -11
3. БОЖИНОВСКИ ТОМЕ - 82
4. БОЈКОВ ИВАН - 17
5. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ – 29, 112
6. БОГДАНОВСКИ ИГНАТИЕ -107
7. БЕЈСЕЛИ АБДУЉАДИ - 9
8. ГОШЕВ ТУШЕ - 38, 39
9. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 48
10. ЗОГРАФСКА -КУЉАН РАТКА - 87
11. КАДРИУ ЗЕКИР -1, 11
12. КОСТАЌЕВ БОРИС - 80
13. ЛАЗАРЕВСКИ МИРКО - 68
14. МИНОВ ПАНЧЕ -101
15. МЕШКОВ ЉУПЧО - 46
16. МИХАДЛОВСКИ БРАНИРОД - 96, 98
17. МИЉОВСКИ ЈАНЕ - 53, 54, 56, 58, 117, 120, 123
18. МАРКОВСКИ РИСТО - 78
19. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 100
20. НИКОЛОВ ЈОВАН - 103
21. ОСМАНИ РУФИ - 12, 14, 32, 37, 42, 52, 55, 94
22. ПАВЛОВ БОРИС - 83
23. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1, 5.. ( води седница)
24. ПОПОВСКИ Г. НИКОЛА -16
25. ПОПОВСКИ ВЛАДО - 36, 40
26. ПОПОВСКИ НИКОЛА – 52
27. РАМАДАНИ САЛИ - 3, 25, 26, 113, 118, 123
28. РАМАДАНИ ХИСЕН - 15, 120
29. РАМАДАНИ ИСМЕТ -19
30. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 120
31. ТРАЈКОВ МИЛЧО - 71, 77, 102
32. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 64, 67, 104
33. ТРИПУНОВСКИ МИРКО - 53
34. ТРПЕНОВСКИ ЈОВАН - 94
35. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 22, 30
36. ФИЛИПЧЕ ИЛИЈА - 6 (министер за здрав.) 59, 94, 95, 97, 98, 99, 101, 107, 111.
37. ФРЧКОВСКИ ЉУБОМИР - 6, 7, 9, 11, 12, 13, 18, 21, 23, 24, 25, 26, 27, 29, 31
38. ХАСИПИ КЕНАН - 19, 122
39. ШАПУРИЌ ЗОРАН - 9

Днев.ред:

т.3 -Јавни собири ,стр.1
т.4. -Предл за изменув.на З.за стопански престапи-стр32
т.5-Закон за претпријатија, с.42
т.6.З. за здравствена заштита с.59
т.8.Договор за пријателство за сор. меѓу Р.М и Р.Турција,с.113
т.9.Закон за ловот -с. 124

ПРОДОЛЖУВА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на Дваесет и деветтата седница, одржана на 7 ноември 1995 година

Седницата започна со работа во 11,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Тито Петковски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по преостанатите точки од Дваесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Димитрија Врвезовски, Благоја Силјановски и Јане Ангеловски, Илинка Митрева, Санде Давчев, Симон Наумовски, Николина Трајановска, Панче Насев и Гоко Атанасов ме извести ја дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на **точката 3** - Предлог на закон за јавните собири.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени. Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Господа пратеници, господин потпретседателе, според ред други важни закони и законот за јавни собири, очигледно е од значаен интерес и нормално од ова произлегува дека едно вакво нормирање ќе

придонесе и оваа држава да се вклопи како демократска земја во контекст на ова прашање. Содржински овој Предлог - закон е релативно краток, но без оглед на тоа дека е краток во себе изнесува важни работи, кои нормално ќе бидат патоказ за спроведување на јавните собири кои нормално често се манифестираат и тука кај нас, а посебно кај цивилизираните држави во светот. Имајќи предвид дека и во самото образложение, односно при изработка на оваа фаза на законот, како и во претходната фаза, изготвувачот на законот, односно Владата ги имала предвид светските искуства и во оваа област. И како што е таму наведено се кажува поради теснината на Уставот на Република Македонија не може да се инкорпорираат некои важни работи. Се зборува дека е ред и ние во некои важни работи во оваа област да ги менуваме и да тргнеме во еден правец за менување на некои ставови што се пречка во овој правец. Се заради тоа, во овој контекст правото на јавно собирање на граѓаните, заради нивно изразување на јавниот протест претставува уставна категорија и нормално се брои во основните, граѓанските, политичките, слободи и права на граѓаните. Имено, во член 27 став 1 од Уставот на Република Македонија утврдено е дека ова право може да се оствари и без претходно пријавување и нормално без претходна дозвола. И покрај тоа што на некој начин оваа проблематика предлагачот ја регулира, не е на одмет во законот да се внесе одредба во која на јасен и недвосмислен начин ќе се утврди правото на граѓаните да се организираат, односно да организираат јавни собири без претходно пријавување и без посебна дозвола. Тука ми е зборот конкретно за членот 3 ставот 1 кој е предложен во самиот закон.

Забелешки исто така имам и на членот 4 ставот 2 на овој Предлог - закон каде децидно се вели заради заштита на правата на граѓаните и нормалното одвивање на сообраќајот, снабдување на населението со

лекови, храна, гориво и слични неодложиви потреби, како и заради почитување на обврските на меѓународните договори, организаторот на јавниот собир е должен да го обезбеди одржувањето на редот на јавниот собир и на организира редарска служба. Бидејќи тука пред мене е министерот, би сакал поконкретно во оваа насока да добијам некои појаснувања. Доколку тоа го направи организаторот, тогаш се прашуваме зошто Службата за обезбедување на нивно на министерството, всушност МВР во конкретниов случај е должна и организаторот како што се побара понатаму трошоците за тоа обезбедување да ги сноси сам, кога се знае дека истите органи се платени од страна на државата, односно од Министерството и вршат нормално работа од свој вид. Заради тоа на крајот би сакал да завршам во случај организаторот да побарал обезбедување од МВР, ако тоа го определи се подразбира дека органот оценува дека заради безбедносни причини и безбедност на граѓаните нормално е дека треба да има и обезбедување. Секогаш се подразбира дека во овој случај органот на МВР врши работи од свои редовни надлежности на основа што треба да ги сноси трошоците за обезбедување. Инаку, некои правила во овој Предлог-закон се сосем нормални и на ниво и за да биде комплетен овој закон би сакал да се прифатат и некои сугестии од наша страна.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Овој закон како да е наменет за мене, јас сум човек од собири од 1944 година во Скопје кога демонстрирав против Италија, јас сум бил во тоа време во средно училиште, "Трст не го даваме, главата ја даваме", "Трст е наш", "Истра е наша" и утре дента ни Трст ни Истра, ние останавме со глави. Јас сум бил учесник на многу собири, па затоа имам добро мислење за овој Предлог - закон. Значи пред нас имаме еден мал, необичен, краток, но многу важен Предлог на закон за јавните собири.

I/4.-

За разлика од многу други предлози на закони, овој е многу добар текст и тоа од две причини. Прво, што се однесува до правно - формалното поставување и второ, до материјално - правниот аспект, скоро потполно во согласност со адекватните уставни закони во кои се предлага и операционализира, обработува, детализира. Како таков, овој Предлог на закон за јавните собири јас потполно го поддржувам и овој пат ќе гласам за него. Тоа значи дека ние малите, но не и неважните опозиционери не мораме секогаш ако се добива таков впечаток да гласаме против, или пак да се воздржуваме. И за едното и за другото треба аргументи, подлога. Во спротивно улогата на опозицијата побледува, се исцрпува, а на позицијата зајакнува. Значи ние сме тука и кога треба и како треба. Сега, за разлика од досегашните закони за јавните собири кои беа и антиуставни, многу крути, недемократски, оптоварени со многу реликти од горкото минато за време на комунизмот овој Предлог на закон за јавните собири е скоро сличен со истите закони од најдемократските европски држави. Значи аферим. Понатаму, имено таксативноста од членот 21 од Уставот на Република Македонија дека граѓаните имаат право мирно да се собираат и да изразуваат јавен протест, без претходна пријава, без посебна дозвола, ги негира на дециден начин старите стереотипни и многубројни барања, па дури и ситните точки на културно - уметничките програми кои се наброени во членот 2 и начелно и кратко и сеопфатно. Значи, према овој Предлог на закон, организаторот на јавните собири може а не мора да го извести Министерството за внатрешни работи за одржувањето на јавниот собир и мерките кои се преземени за неговото одржување, член 3. Стариот закон не само што беше недемократски, туку и покрај пријавувањето и добивањето на дозвола за јавните со бири имаше и безброј арбитрални толкувања и злоупотреба на истиот, па дури и прекршочна и кривична одговорност со парични казни и казни со затвор и за таканаречен вербален деликт, односно вербален непостоечи деликт а за некои

граѓани, посебно албанци уште немаат добиено ослободително решение. Единствена сериозна забелешка која ја имам за овој закон е можноста за понатамошна злоупотреба. Погрешно извршување на ненамерно злоупотребување и на службената должност на недоволно квалификувани работници од МВР во однос на можните организатори на јавните собири, што се однесува до членот 6 на овој Предлог на закон, за кој сум поднел еден единствен амандман за коректно интервенирање и поадекватно регулирање на оваа материја.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот. Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност поднесе амандмани на член 3 став 2, на член 5.

Пратениците Зекир Кадриу и Рами Туда поднесоа амандман на член 3 за додавање нов став 1 и на член 4 став 2 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Никола Г. Поповски поднесе амандман на член 6 по кој Владата не се произнела.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 1 и на член 3 став 1.

Комисијата за политички систем поднесе амандмани на член 6 став 1 алинеја 2.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандмани на член 4 став 2 и на член 5.

I/6.-

Пратеникот Сали Рамадани поднесе амандман на член 6 став 1 и 2 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Мерсел Биљали и Абдулади Вејсели поднесоа амандмани на член 3 став 2, член 6 став 1 и на член 7 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Вељо Тантаров поднесе амандмани за додавање нов член 4-а и на член 7 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот на член 1 со тоа што е потребно лексичко коригирање, заради вклопување во текстот на предложениот амандман, имено зборот "изразуваат јавен протест", зборот "изразуваат" треба да отпадне, бидејќи двапати се повторува, доколку се прифати амандманот во реченицата. Треба да биде изразуваат мислење и јавен протест а не изразуваат мислење и изразуваат јавен протест. Инаку Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се разбира, лекторски ќе се среди пред објавувањето.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот предлага исфрлање на зборовите, заради интересите на безбедноста како причини за прекинување на собирот, Владата со

амандманот не се согласува бидејќи меѓународниот стандард споменат во член 11 од Европската конвенција за човекови права подразбира кој го одредува правото на вакво собирање, подразбира постоење токму на вакква причина заради проценка од овластените лица како една од причините за можноста за прекинување на јавниот собир. Оттаму значи Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Биејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (11 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 став 1, поднесен од Законодавно правната комисија.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за додавање нов став 1, поднесен од пратениците Зекир Кадриу и Рами Туда.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот од следните причини.

Во амандманот имено се предлага отфрлање на можноста за пријавување на одржување на собирот. Имено со решението во основниот член од предложениот закон комплетно се почитува уставната одредба за организирање на јавниот собир без претходна најава. И тоа на ниеден начин не се загрозува. Таа можност е комплетна, јасна и целосна. Она што во овој член се предвидува е дополнителна можност за пријавување на собирот, земајќи предвид едно искуство на парламентарните демократии дека прокламираните јасни уставни права во практиката можат да се судрат со истите такви права на другите лица.

Во тој случај може да настанат ситуации на преклапање во еден простор и во едно време на правата на групите да го одржуваат јавниот собир. Токму тоа прашање може да предизвика нарушување токму на правото на одржување на јавен собир, односно да дојде до некакви безбедносни пречки, или можеби судири на групите кои сакаат да одржат јавен собир, тоа е нивно неспорно право во исто време и во исти простор. Да речеме една карактеристична ситуација која може да произлезе од неспорното уставно право е организирањето на тоа уставно неспорно право. Оттаму можноста за пријавување не го нарушува уставното право, меѓутоа оневозможува негово нарушување во праксата преку судири на групите кои ќе го користат во различни услови и овозможува секакво почитување на правата на другите граѓани кои не учествуваат во јавниот собир, а кои околу евентуалниот судир околу ова право можат да им бидат загрозени правата. Оттаму Владата не го прифаќа амандманот на член 3 став 1.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 за додавање нов став 1, поднесен од пратениците Зекир Кадриу и Рами Туда.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 2 поднесен од Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Вака како што е предложен Владата не го прифаќа амандманот од причините што замена на зборот "програма" со зборот "карактер' не го решава проблемот, туку го усложнува. Имено зборот "карактер на собирот" е уште поматен и уште поапстрактен од зборот "програма". Доколку предлагачот го промени амандманот во смисла зборот "програма да се замени со друг поадекватен збор на пример "целите на собирот", тогаш Владата би го прифатила амандманот.

**ЗОРАН ШАПУРИ&:**

Комисијата ја прифаќа преформулацијата, значи амандманот.
се менува.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 2, поднесен од пратениците Мерсел Биљали и Абдулади Вејсели.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Мислам дека се работи скоро за ист амандман и од таа причина Владата не го прифаќа конкретно овој амандман, бидејќи претходно го решивме.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Овој амандман од ставот 2 на член 3 го предложивме на Комисијата за државна безбедност и повереникот на Владата го прифати, со тоа што ако одиме на програмата тогаш се знае дали со програмата се подразбира местото, времето на одржувањето, тоа го имаме подолу. Затоа отидовме на карактерот, дали ќе биде политички

карактер, економски, социјален и т.н. Вака штом претседателот на Комисијата се согласи со тоа, мислам дека го повлекуваме амандманот.

II/1.- JJ-ВБ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 2 поднесен од пратениците Зекир Кадриу и Рами Туда.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот бидејќи проценката за загрозување на безбедност не може да биде оставена на организаторите на собирот, туку тоа е работа која што според Законот спаѓа во надлежноста на овластените државни органи. Оттаму Владата не го прифаќа овој амандман.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Почитувани пратеници,интервенирамсамо за едно допрецизирање, амандманот на Комисијата беше "програмата," министерот сугерираше "целите", а претставникот на Комисијата се согласи и со тоа не е свршена работата. Ако Комисијата сака да го промени амандманот по смисла како што сугерираше министерот, тогаш треба да поднесе писмен амандманот со изразот "целите" и претставникот на Владата да се согласи и тогаш тоа да влезе во законот. Инаку, вака не влегува во законот. Ние овде можеме да зборуваме што сакаме но треба тоа дг се направи писмено.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Целта на овој амандман е во член 4 став 2 на крајот на реченицата наместо зборот "организаторот" кој секогаш треба да организира некој јавен собир, ние предлагаме наместо тоа, трошоците што треба да се платат за обезбедување, не да ги сноси тој што организира јавен собир туку бараме тоа да бидат трошоци што ќе ги подмири Министерството за внатрешни работи. Сега ако почнуваме од оваа причина, не верувам дека некој знаејќи однапред дека треба да плати голема сума на тие

органи за безбедност што ќе бидат во функција за да го обезбедуваат тој јавен собир, би можело да кошта којзнае колку па така никој нема да организира јавни собири, знаејќи однапред дека трошоците треба да ги сносат самите.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Ако прецизно се чита ставот 2 на член 4, се работи за факултативна а не обврзна одредба, желба на организаторот да побара од МВР да определи обезбедување на неговиот јавен собир. Тоа не спаѓа во редовна надлежност на МВР бидејќи не е предвидено со законот. оттаму логика имаат другите решенија во Законот во кој организаторот треба да обезбеди безбедно одвивање на јавниот собир, како и реализирање на уставното право на граѓаните кои ќе учествуваат на него. Доколку пак од различни причини организаторот мисли дека тоа не може сам да го направи, може да побара услуга од соодветниот државен орган која не е негова редовна надлежност и поради тоа таа треба да биде соодветно компензирана, бидејќи се трошат и сили и енергија. Оттаму поради непредвиденоста на обезбедување на јавниот собир како законска надлежност на Министерството, е сосема различно прашањето на безбедноста генерално, тоа го прави како законска надлежност, меѓутоа, не и на секој конкретен јавен собир. Оттаму амандманот не се прифаќа и решението треба да остане како во основниот текст што е соодветно и кохерентно на законскиот корпус.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас ќе бидам вака краток вистината некаде спаѓа измеѓу она што го има предложено предлагачот и ова што го толкува г-динот министер. Зашто е тоа така? Па вака конкретно, ако еден собир се одржува да

II/3.-

кажеме во време додека органите на внатрешни работи ги вршат своите редовни активности, тие за тој временски период примаа надомест односно плата по основ на извршување на тие работни обврски. Меѓутоа, ако кажеме тој јавен собир се одржува после 15 часот, условно кажано тука автоматски ќе излезе дека согласно општествениот договор за подмирување на надоместоците и на другите исплати ќе треба да им се надомести дополнителни 30 или 40% од редовното работно време. Значи, тука би можело да се направи одредена комбинација инаку ако се бара како што толкува министерот, Министерството да бара од организаторот и во текот на работното време организаторот да ги исплати тие трошоци, во тој случај ќе имаме дуплирање на тие трошоци. Мојата поента е дека предлагачот би требало заедно со министерот да најдат некој компромис за да се подмират од страна на организаторот само овие дополнителни трошоци што се вон од работното време односно вон редовните активности што ги вршат надлежните лица на МВР. Така би се нашло најадекватно решение од аспект на финансиско исплаќање на тие трошоци.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Да се разјасни конечно за што конкретно се работи, јас ќе се обидам малку поопширно да го образложам. Имено, обезбедувањето на јавниот собир не подразбира редовна работа и условно да кажам присуство на припадниците на МВР на местата каде што се одржуваат јавните собири. Тоа подразбира сосема друга активност, бидејќи редарите на јавните собири директно се вклучени во собирот, учествуваат внатре во масата по некој пат на собирот и таквата обврска и таквата активност на Министерството никогаш не ја практикува. Присуството на припадниците на Министерството, условно да кажам во и ризичните, да кажам, јавни собири по некојпат е мошне периферно, Се додека не настанат услови на загрозување на безбедноста што се

законска основа за интервенции. Оттаму учеството, редовно кое воопшто не треба да се гледа во редовно работно време или после редовно работно време, бидејќи се работи сменски и не постои редовно и после работно време за припадниците на полицијата, униформисаниот состав а и другите овластени службени лица, тие работат 24 часа во смени така и да нема посебно наградување, меѓутоа нивната работа не е внатрешно обезбедување на собирот и пенетрација во собирот, па внатрешно организирање на редот. Ова пак сега би имало сосема други импликации. Би било предмет на расправа дали е тоа слобода на јавниот собир доколку редовно полицијата била вклучена внатре во собирот за обезбедување. Тука би влегле во една дискусија и апсолутно би ја утнале темата на обезбедување на слобода на јавниот собир и безбедноста, туку би влегле во сомнеж дека пенетрирајќи внатре полицијата може да има влијание, или насочување на текот на јавниот собир. Мислам дека од тоа треба конкретно да се оттргнеме и да го напуштиме таквото гледање. Овде е јасна состојбата - обезбедувањето активно на собирот каде што органите на внатрешни работи се вклучени внатре исто како редарските служби, треба посебно да го бара организаторот и за тоа соодветно да компензира, бидејќи тоа не претставува редован работа на МВР.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас само накратко за да се дообјасниме за да не ги мешаме тезите. Се поставува следното прашање - ако органите на внатрешни работи имаат обврска она што го објасни г-динот министер, значи да ги обавуваат тие дејности се поставува следното прашање - дали тие во времето додека се одвива тој јавен собир ќе бидат, да речеме, на работно место и време и ќе го обезбедуваат тој јавен собир,или ќе работат на друго место извршувајќи ги своите редовни активности. Значи

мојата поента беше дека ако истиот контингент ги врши тие работи и обврски, и ако евентуално дел од тој контингент вон оној од редовниот се ангажира, нормална работа е дека нему ќе му следи и тој надоместок што е предвиден со општествениот договор. И токму тука е поентата, ако дополнителни контингенти бидат потребни за обезбедување на тој јавен собир нормално дека ќе бараат и дополнителни трошоци. Инаку, далеку од тоа да мислам дека би било сходно и потребно органите на внатрешни работи да се пенетрираат како што кажува г-динот министер во одржувањето на јавните собири, за што тоа во суштина е противното на тоа што и ние го цениме и што се подразбира. Значи, мојата поента е исклучиво од финансиски аспект. Ако имаме потреба од дополнителен контингент на тие органи исклучиво за тие јавни собири и ако тоа ангажирање е вон редовното работно време, да се надоместат тие трошоци и да се изнајде некој си модус тие трошоци да паѓаат и на организаторот и на Министерството.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитувани колеги, потпретседтеле и министре, сакав ова да кажам, можеби сме некаде на средина на вистината, али мислам можеби поинаку ја доживуваме. Поентата на тој член 4 и тој дел што се однесува на евентуално ако бара организаторот асистенција на органите да учествуваат, е да се одбегне тоа барање, а не да се стимулира организаторот да бара. Поентата на членот е организаторот на собирот одговорно така да се однесува и пред повикување на собир и пред него во организирање, за да нема асистенција, да нема, да не биде потребна. Тоа треба да биде суштината и на законот тоа му е целта. И јас ја ценам за добра страна. Ако веќе организаторот биде принуден да бара асистенција, тоа зборува дека веќе има некои други проблеми и во самата организација и за местото и начинот и не знам уште што друго.

Затоа мислам дека треба да ја примиме формулацијата така дека законот инсистира на таква одговорност за да не дојде до потребата за асистенција, па според тоа и до такви трошоци.

Но, јас мислам дека има можност после тоа, ако евентуално таква потреба е нужна, законот предвидува и други такви можности ако до тоа дојде, но би било добро таквите состојби при организирањето на собирите да се одбегнат. А за самите трошоци, јас не знам ние немаме искуство за тоа, не знам какви би биле тие трошоци и што би била основата, бидејќи во законот немаме мерна основа, врз основа на што ќе се пресмета трошокот. Затоа веројатно и предлагачите на амандманот тоа ги возбудува односно ги побудува да покренат таква иницијатива. Меѓутоа, сакам само поентата да ја подвлечам на тој, дел од законот дека одговорноста на организаторот на собирот сака да се потенцира така за да биде што помала или да ја исклучи можноста за барање на асистенција, а се ова друго на еден друг начин биде регулирано.

**НИКОЛА Г.ПОПОВСКИ:**

Почитуван птопретседателе, почитувани пратеници, мислам дека ставот 2 на член 4 е еден од ставовите кои што многу тешко ќе биде применлив во стварноста без разлика дали Собранието ќе се определи за текстот на Владата. Меѓутоа треба да се укаже на едно Вака како што предлагачите на амандманот го толкуваат став 2, мислам дека е добро да се прифати. Меѓутоа, вака како што министерот го толкува амандманот на став 2 и ставот 2, мислам дека во целина не треба амандманот да се прифати. објективно е спорно кој како ќе го толкува законот. Меѓутоа, во спроведувањето на законот се додека некој надлежен орган не го толкува, ќе го спроведува и ќе го толкува МВР. Според тоа мислам дека не треба да се прифати амандманот заради тоа што како што рече министерот една е работата на обезбедување на

собирот надвор каде што Министерството има и обврска а не само прашања дали треба или не треба, а друго е обезбедувањето внатре каде што секој лично треба да си определи, вие се повикувате на обезбедувањето, на сигурноста на собирот итн, меѓутоа, видете секој што организира собир треба да си направи обезбедување, сопствено или да побара од МВР и секој што сака да присуствува на било кој собир ќе си процени дали неговата безбедност е загарантирана или не, присуствувајќи на тој собир. Тоа е право на секој граѓанин да определи дали ќе присуствува или не и во стварноста ќе има такви случаи, кога некој ќе си помисли дека на одредени собири безбедноста не е сигурна внатре и не би требало да присуствува. Затоа мислам дека не треба да го вплеткуваме МВР по сила на закон без надомест на материјални трошоци, па дури и таа одредба сам да оцени дали мора внатрешно да го обезбедува собирот по секоја цена. Собирот е компактно множество во кое секој сам ќе размисли што ќе прави. Собирот спрема надвор е друга работа. Ако го толкуваме само ова за собирот внатре, физички или географските граници на собирот каде да биде одржан или местото каде што тој ќе се одржува тоа е веќе прашање што не треба да се регулира со овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Бојков.

**ИВАН БОЈКОВ:**

За мене дилеми нема и јасно е дека доколку некој побара трошоците за обезбедувањето треба да паднат на товар на организаторот, затоа што во крајна линија некои или некоја група може да си организира собири секој ден буквално на определено место и за тоа само да бара милицијата да го обезбедува собирот и да се прават секојдневни трошоци за тоа. Алудирам дека и таква ситуација во практиката е можна. За мене во овој член 4 став 2, читајќи го, друго е за

размислување и една дилема ми се поставува, бидејќи е речено "доколку организаторот побара, а Министерството за внатрешни работи определи, обезбедувањето да го врши полицијата", значи можно е и да не определи. Не сакав преку амандман, меѓутоа тоа е интересно бидејќи сме на овој член да го објасни министерот дали тука станува збор за договорен однос или Министерството секогаш е должно, секогаш кога ќе му се побара да испрати обезбедување. Вака како што е формулиран овој текст Министерството за внатрешни работ: определи тоа значи дека може и да не определби.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Многу е јасно, Министерството има хиерархија на обврски определени со закон. Овој вид на обврски не се од иста тежина како што се неговите обврски утврдени со закон. И оттаму, доколку се појават пет големи собири, или на пример ситуација во која голем дел од вработените во МВР се ангажирани на една линија и сега се појавуваат пет големи собири за кои не толку туку два пати по толку е потребна полиција да ги обезбедува, внатрешно и надворешно, тоа значи дека целата полиција треба да се организира во тој ден во обезбедувањето на тие пет јавни собири и апсолутно, другите со закон определени функции да не ги врши. Тоа може да биде блокада, практично во еден град или на едно УВР или на едно одделение. Оттаму мора да се направи и јасна хиерархија на она што се законските определби на министерството, па потоа ако тоа има сили секако и обезбедувањето на овие барања на јавните собири. Тоа е јавно, тоа е законско на крај на краиштата.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Дами и господа пратеници,

Прво треба да ни биде јасно дека ретко или никогаш н е може да се случи да се организира некој собир, а да не се обезбедува од комисија. Мислам дека тоа обезбедување не само што е традиција туку тоа е секојдневието што ни го наложува и полиција ќе има на секој собир. Каква, ако ќе биде организирана јас мислам дека тоа ќе постои. Меѓутоа, во ставот 2 не ми е јасно кога организаторот ќе побара обезбедување од полицијата. Да речеме ако организаторот нема потреба најверојатно сите ситуации ги има под контрола со нивно обезбедување и тогаш веќе нема потреба, меѓутоа дополнително, никаде не пишува во ставот 2 во кои ситуации ќе побара организаторот дополнително обезбедување од полицијата. Затоа јас мислам дека тука треба да биде појасно ако веќе ескалира на собирот ситуацијата тогаш полицијата сама проценува за тоа. Мислам дека во амандманот тоа е кажано и треба да се прифати затоа што ако треба може и да се преиначи амандманот, но да биде во функција на тоа дека трошоците организаторот да ги поднесе навистина нема никаква смисла.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Кена Хасипи има збор

**КЕНА ХАСИПИ:**

Мислам дека членот4 во ставот 2 кој што расправа за трошоците не е најсрдечно формулиран со оглед на тоа што се отвораат две многу битни работи.

Прво, дали свесно организаторот нема да ја прифати факултативната можност за пријавување на собирот, токму заради тие трошоци, издвојувајќи ги трошоците и

III/2.-

Друго, дали во текот на јавнигге собири ако дојде до одредени нереди ќе биде предмет на индивидуална процнека.

Може да се случи организаторот да смета дека тие не се од толкав обем за да побара асистенција на полицијата а од друга страна проценката на Министерството да биде дека ќе мора да се интервенира. Тоа е една работа.

Втора работа, доколку се анализира член 4 изолирано можеме да дојдеме до некои вакви ситуации, меѓутоа доколку се анализира во содејство со член 3, па вели: "заради интересите на безбедноста организаторот на јавниот собир може да го извести Министерството". Ако ова се сведува само на известување исто не е во интерес на безбедноста, затоа што самото известување подразбира. во себе асистенција на Министерството за внатрешни работи во заштита на собирот. Инаку нема никаква цел. Ќе го извести Министерството и со тоа не се направи никаков интерес за безвредноста ако Министерството не асистира во зачувување на редот и мирот на јавниот собир. Затоа изолирано гледајќи ги членовите можеме даодјдеме во многу непријатни ситуации, а во крајна линија ваквата формулација за трошоците во сите можни варијанти следува трошоците да ги плаќа организаторот. Велам во сите можни варијанти. Не давам ниедна шанса организаторот да избегне од трошоци.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.,

Кој е за молам да крене рака.

16 пратеника гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 став 2 поднесен од пратениците; Зекир Кадриу и Рами Туда.

Молам, не сакав да ја прекинувам расправата на деловничката интервенција на г-дин Алити околу задолжителност на писменот поднесување на амандманите. Јас токму така ја сватив додатната интервенција на г-дин Шапуриќ, бидејќи станува збор само за преформулирање на еден збор. Но бидејќи инсистира г-дин Алити деловничка обврска е амандманот да биде поднесен во писмена форма , а Комисијата да го повлече својот поранешен амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 2 поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ.**

Владата го прифаќа Амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 4-а поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

Со амандманот се обидува да се внесе една сосема непринципиелна и неприфатлива разлика помеѓу уживањето на правото на јавен собир на граѓаните и да се подигне еснафска организација, како што се во овој случај земјоделците, на ниво на посебен заштитен или регулиран статус во одржувањето на јавните собири со предлог дури да му се даде правото на кршење на обврските кои државата ги има со

меѓународни конвенции, како што се запираше односно блокирање на магистралните патишта. Оттаму Владата не го прифаќа амандманот.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, јас знаев дека министерот нема да го прифати овој амандман бидејќи тие се учени само да велат не, не, не, а малку да.

Со оглед дека овој амандман кај нас е доставен во една форма што не можете да ја прочитате, сигурно и министерот не го има прочитано, јас тврдам , па јас ќе го прочитам: по член 4 се додава нов член 4-а кој гласи: "земјоделските производители преку своите регистрирани асоцијации можат да организираат јавни собири со блокади на јавните патишта што се организирани заради неисполнување на земените обврски на државата по земјоделците, како што се: ненавремена исплата на заштитни цени, премии и регреси; заштита на земјоделското производство од неконтролиран увоз; барање за економски исплатливи цени на земјоделските производи и остварување и заштита на правата од социјалната сфера".

Доколку организаторот на јавниот собир од став 1 од овој член побара обезбедување од страна на Министерството за внатрешни работи, затоа обезбедување трошоците ги носи споменатото Министерство за организаторот на собирот од став 1 на овој член е должен да обезбеди непречено одвивање на сообраќајот за сите возила што учествуваат во извршувањето на здравствената заштита на населението одбраната на земјата и против пожаните возила. Сметам дека со овој Закон за јавните собири му е неправдина на една третина од нашето население. Станува збор за земјоделците кои што ако се усвои член 4 како што е предложениов о Предлогот на законот, тогаш оваа категорија на работници ќе нема никакви можности да организира јавни собири на кои што ќе ги изразува своите незадоволства заради се она

III/5.-

Што се прави денеска со нив. Сметам дека не држи место она што го рече Министерот Фрчковски дека ние сме должни да обезбедиме непречено одвиваше на сообраќајот по некој меѓународен договор. Кој нашите превозници им плака некој штети кога одат надвор и се блокирани. Инаку,сметам дека со овој закон само Македонија ќе биде земја што нема да дозволи штрајкови на земјоделците. Европа таква работа не познава. Јас ве молам да го поддржите овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање,

Кој е за молам да крене рака?

12 пратеника гласа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 4-а поднесен од пратеникот Вело Тантаров.

Отворам претрес по амандманот на член 5 поднесен од Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата го прифати Амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 5 поднесен од Комисијата за внатрешна контрола и одбрана.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата го пригфаќа амандманот.

III/6.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1 поднесен од пратениците: Мерсел Биљали и Абдулалди Вејсели.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата не го прифати амандманот бидејќи со амандманот се предлага причините за вршење или поттикнување на вршење кривични дела не биде причина за можно прекинување на Собирот. Апсолутно е неприфатливо бидејќи токму поттикнувањето и вршењето кривични дела се работи кои претставуваат евентуално најјасната суштина на прекинување на јавниот собир, бидејќи по тоа се кршат права на други на најдиректен начин.

Второ, ова е обврска за прекинување на ваквите собири со меѓународна конвенција, со Европската конвенција за заштита на правата на човекот. Според тоа Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

7 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 став 1 поднесен од пратениците Мерсел Биљали и Абдулади Вej сели.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1 алинеја 2 поднесен од Комисијата за политички систем.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ;**

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Лесно е да се каже дека не се прифаќа амандманот, не затоа сето што е речено и што е позитивно во овој закон до сега значи секако доаѓа во коалиција со самиот Устав, односно со член 2, мислам член 21 став 2, затоа што сепак се ограничуваат овие собири на овој начин. Јас сум свесен дека би требало со прифаќањето на овој амандман да се преиначи повторно и член 3 и 4, меѓутоа ако се остават толку власт на органите за внатрешни работи, а сум кажал дека ќе биде злоупотреба, јас мислам дека сепак денес има такви добри организатори на кои мислам дека треба да им се даде можност и соработка со организаторот. Јас мислам дека на такви собири, јавни собири во кои учествуваат навистина свесни организатори и организирано, а не спонтани собири кои можат да прават и хаос, меѓутоа кога барам по барање на организаторот, значи сепак организатори кога се гледа за сходно дека треба да им се помогне навистина од органите за внатрешни работи би требало да се прифати овој амандман. Ова значи подемократски. Инаку јас мислам дека доаѓа во спротивност со самите уставни одредби. Ништо не барам повеќе и во став 1 и 2 двапати по барање на организаторот. Значи, кога ќе гледа за сходно дека такво нешто е можно, потребно,

инаку ние знаеме какви кадри имаме. Претпоставите ако биде некој голем собир, па колку да е на мирен начин зависи што ќе сфатите дека е насочен кон загрозување, да не ги набројувам сите точки што ги има ставот 2, односно став 1. Затоа сме,ам дека ова е во согласност со Уставните одредби и би требало овој амандман да биде прифатен.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Со предложениот амандман се предлага причините за прекинување на собирот, како што се загрозување на животот и проценката за настанатите причини за загрозување на животот и здравјето и безбедноста и вршење и поттикнување на кривични дела со загрозување на животната средина да биде оставено на проценка на организаторот. Значи, организаторот да процени кога се стекнати такви околности, односно да врши законска улога на полицијата, законска улога на другите државни органи кои со закон и со Устав имаат обврска токму како органи на откривање и евентуално прогон во таа смисла да го преземе во делот на јавниот собир на тоа место, на тој простор организаторот без да знае кој е организатор. Значи, апсолутно на сите можни организатори, што е апсолутно не прифатливо бидејќи е и спротивно со Уставот. Практично и со законските определби и надлежности на државните органи кои имаат со устав и закони дадено тие надлежности тие да ги работат. Не може да се прави договор со било кого и во овој случај со организаторот по негова проценка да се процени дали е извршено битието на било кое кривично дело на самиот јавен собир. Апсолутно не прифатливо.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Јас сум свесен за тоа дека од самата Влада е овој предлог и министерот се наоѓа во деликатна ситуација, меѓутоа од една страна имаме организатор. Значи тоа е слободно изразување на народот, а од друга страна ограничување. Тоа секако доаѓа во спротивност и тука нема

игрaчка. Затра мислам дека треба да се најде една подобра солуција, затоа сепак ова се меша малку со член 3 и 4, но ова веќе не оди никако. Значи, она што се бара во став 2, член 22 од Уставот тука се ограничува и секако тоа да ни е јасно. Може малку на брзина, Законот малку е и нелогичен, но тоа е друга работа. Јас сепак мислам дека ќе биде и тоа каква злоупотреба на службената должност на органите за безбедност. И тоа ако не може организаторот да процени какви се тие причини законски, јас сметам во нашите органи за безбедност има и злоупотреба на должности. Најверојатно тука нема да биде присутно само Министерството или министерот па точно, објективно процени дали нешто е загрозено или не. Јас сметам дека на теренот ситуацијата на овие собири ќе ни биде поинаква.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

12 пратеници гласаа за

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 7 поднесен од пратеникот Никола Г. Попвоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

III/10.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Отворам претрес по амандманот на член 7 поднесен од пратениците: Абдуљали Вејсели и Мерсел Биљали.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата не го прифати амандманот бидејќи со претходно прифатениот амандман проблемот на проценката на настанатата штета се решава.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Почитувани пратеници, морам да кажам дека според формулацијата која стои во законот се претпоставува дека таква штета може да предизвика само организаторот на собирот. Нели е можно и спротивното, дури да имаме инсценирања. На пример, една група намерно ќе се исфрли од потенцијалниот конкурент за власт, особено пред изборите, ќе исфрли одредена група што ќе предизвика штета, со намера да се дискредитира дотичната особа. Особено, при нашиот балкански менталитет и нашата балканска култура јас сметам дека тука навистина формулацијата треба да се допрецизира поинаку. Во практиката може да предизвикува многу штета. Повеќе закони од повеќе држави имаат таква прецизна формулацијата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(16 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 поднесен од пратениците Абдулади Вејсели и Мерсел Биљали.

Отворам претрес по амандманот на член 7, поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман, бидејќи тој е поднесен поврзано со претходно неприфатениот амандман од член 4-а.

Има збор г-дин Вељо Тантаров.

IV/2.-

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Овој амандман требаше да го повлечам бидејќи претходниот амандман не отиде. Меѓутоа, морам да кажам дека сепак и ние дали имаме оваков закон или не, јавните собири ќе се одржуваат. Ќе има и блокади, сигурно. Меѓутоа, јас би го молел министерот да каже што во членот 7 се подразбира под штети. Овој пат станува збор за штети во сообраќајот. Дали штета во сообраќајот ќе биде ако една блокада со трактор од страна на тие отепани земјоделци се спречи една композиција од 100 или 200 шлепери што носат пченица за било каде, а нашата пченица стои неисплатена, или пак како што сега се случува повторно со шлеперите со шеќер. Нашиот шеќер стои неисплатен. Дали во тој случај со овој член оние што ќе ја организираат таа блокада на јавни патишта се должни да го надоместат тој добиток на некој од нашите бизнисмени вклучен во оваа, за мене нечесна игра. Тоа би сакал да знам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(6 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Ве молам, после оваа деловничка интервенција на г-динот Абдурахман Алити, амандманот од Комисијата за контрола над службата за државна безбедност е преформулиран.

Јас имам деловничка обврска да го ставам повторно на изјаснување на претставникот на Владата.

Значи, пратеникот Зоран Шапуриќ поднесе амандман на член 3, став 2 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по член 3 став 2 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по Текстот на Предлогот на законот.

Претпоставувам г-дине Шапуриќ дека Комисијата го повлече претходниот амандман.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ**:(од место)

Го повлече.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот.

Законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(73 пратеници)

Дали има некој против?(нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(2 пратеника)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за јавните собири.

IV/4.-

Минуваме на **<u>точката 4</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за стопанските престапи, со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Еве, јас само накратко бидејќи имам предложено неколку амандмани. Да не ги образложувам амандманите сега ќе се обратам до предлагачот на законот, со цел, можеби ќе најдеме заеднички јазик со она што јас го имам предложено како амандмани на казнената политика регулирана со законот за стопански престапи.

Јас ја искористив можноста тоа што предлагачот го има предложено да предложам некои решенија, до кои решенија јас дојдов од практична анализа на оваа казнена политика. Мислам дека целта на предложените амандмани во суштина е да се елиминира една аномална состојба која ние ја имаме во казнената политика и која казнена политика јас ја имам дефинирано како енормно голема казнена политика. Во суштина, ненаплатлива казнена политика. Еве, за да не должам многу, накратко ќе образложам зошто го имам ова предложено и овде ќе изнесам некои нумерички податоци што значи актуелната казнена политика и дали таа реално е остварлива од аспект на полнење на Буџетот на државата и од аспект на остварување на функцијата што ја има секоја казнена политика.

IV/5.-

Со предложените амандмани предлагам намалување на казнената политика зо Законот за стопански престапи во просек за 60% и ќе се постави прашањето зошто тоа се предлага?

Имено, ако се анализира актуелниот закон за стопански престапи и предложените амандмани, навидум ќе се создаде една слика дека јас во суштина се залагам за амнестирање на казнената политика, што во суштина не е така. Ако се анализира сегашниот член 18 од Законот за стопански престапи, истиот ги дефинира казните во следните рамки од 50 до 250 плати за правните лица, односно стопанските субјекти.

Ќе претпоставам еден нумерички примерок за да биде појасно што тоа значи во праксата. Ако претпоставиме дека субјектот ХУ брои 100 работници, плати 9000 денари просечно нето плата по работник на ниво на РМ за дотичниот период, ќе добиеме една нето плата од 900.000 денари која нето плата ќе ја помножиме со 50 плати и ќе добиеме износ од 4.500.000 денари или 168.500 германски марки претставува најниската казна. Односно, по оваа математика највисоката казна се зголемува за 5 пати и стигнуваме до бројката 22.500.00 денари, односно, 843.000 германски марки за кој износ би се казнило правно лице за стопански престап, правното лице кое во себе има вработено 100 работници.

Е сега, со она што јас го предлагам во суштина се цели на намалување на казнената политика за 60%, односно тие рамки на казнување би се движеле во рамки од 67.000 до 337.000 германски марки за правно лице кое вработува 100 работници.

Се поставува прашањето што ќе се постигне ако се усвои ова што јас го предлагам? Во суштина ќе се постигне следново, имено институтот

што актуелно е замислен кај приватните правни лица, а кој се состои во институтот на банкрот на приватните правни лица, во случаеви кога ќе ги прават овие стопански престапи ќе се елиминира и под два ќе се елиминира можноста овие енормно големи казни да не можат да бидат ненаплатливи, да кажеме, кај големите правни лица од аспект на тоа што тие ги немаат овие финансиски средства што би требало да ги платат на државата заради тие стопански престапи што ги прават.

Се поставува прашањето по кои закони правните лица денеска ги прават овие стопански престапи? Имено, анализирајќи го проблемот на ликвидноста, како еден акутен проблем големите правни лица во суштина ги прават овие стопански престапи по низа закони. Како што е законот за персонален данок од доход, законот за данок на промет, законот за данок од добивка и значи законот за финансиско работење итн.

Кога ќе се анализира сето ова јас сум на мислење дека би било многу пологично и од аспект на државата многу порационално, ако се прифати овој предлог и така, нема да имаме амнестирање на казнените дејствија, туку ќе се наплати она што реално е можно наплатливо.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?(не бара).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

IV/7.-

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за стопанските престапи.

Кој е за, молам да крене рака?(пратениците креваат рака)

Дали има некој против?(Никој)

Дали некој се воздржува од гласање?(1 пратеник).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој за, молам да крене рака?(пратениците креваат рака)

Дали има некој против?(Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Руфи Османи, поднесе амандмани за менување на член 1, за додавање два нови члена 1-а и 1-б, за менување на член 2 и за додавање шест нови членови по членот 2, по кои Владата не се произнела.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандман на член 2.

ЗПК поднесе амандман на член 2

IV/8.-

Отворам претрес по амандманот за менување на член 1, поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски Владо.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Во врска со амандманот на пратеникот Руфи Османи, неговите амандмани, ставот е дека не се прифаќаат.

Причините се во тоа што тие се однесуваат на надвор од поставените цели на самиот овој Предлог на закон за изменување на Законот за стопански престапи. Целта за донесување на овој закон, кој што е усвоен од Собранието е да се овозможи примената на два правни институти: правниот институт - ублажување и правниот институт - условна казна. Што значи дека овој Предлог - закон за изменување воопшто како цел на Законот и како предмет на Законот го нема ревидирањето на казнената политика, на параметрите на таа казнена политика. Тоа значи дека би било сосема логично г-динот Руфи Османи, доколку има принципиелни, комплексни забелешки на казнената политика да подготви Предлог-закон или, тогаш кога Владата евентуално ќе ја постави таа казнена политика во целост и понуди закон што ја уредува неа, тогаш би било логично да се доставаат сите овие амандмани во врска со стопанските престапи. Вака, ова е напросто надвор од предметот.

Мислам дека спонтано, ад хок не може да се оцени смислата, консеквенциите од амандманите на г-динот Руфи Османи. Сметам дека е тоа работа на еден од овластените предлагачи. Или на Владата или на пратеникот. И тоа би требало во таква постапка да се направи.

IV/9.-

Токму од тие причини амандманите не се прифаќаат,на г-динот Руфи Османи, особено што сметаме дека елаборациите што ги има правено не мора да бидат апсолутно точни и поготово што ова Собрание го има овој закон направено веројатно со, јас не сум предлагач на основниот Закон за стопанските престапи, туку само на овие измени, веројатно со сета анализа за неговото дејство и неговата реалност. Досега нема приговори на нереалноста на таа казнена политика. Има единствено приговори на неможноста да се примени принципот и институтот - ублажување, односно, да се изрече условната казна од оние причини што се многу јасно и прецизно содржани во образложението на овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-дин Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Еве, накратко, се согласувам со она што го кажа г-динот министер дека овој мој предлог ја надминува целта што предлагачот ја има поставено пред себе при предлагање на овој закон. Но, јас мислам дека би било пожелно г-динот министер да земе како обврска, заедно со неговите колеги да направат анализа на оваа казнена политика, јас сум сигурен дека тие ќе дојдат на оние констатации на кои јас сум дошол. Би било пожелно тие како Влада да предложат ревидирање на таа казнена политика од аспект на двете работи што јас ги изнесов.

Инаку, дека се прави ревидирање на таа казнена политика, ние ќе имаме можност тоа да го согледаме денеска преку анализа на Предлогот на законот за здравственото осигурување, каде што веќе од страна на

Владата имаме предлог за намалување на таа казнена политика. Се предлага тој квантум од 50 плати да се намали на 5 до 15 плати, да кажеме на ниво на правни лица за таа дејност и особено на ниво на одговорни лица.

Да завршам, мене не ми е тешко да предложам еден закон со кој ќе предложам измени и дополнувања на казнената политика. Но, имајќи го предвид искуството што го имам по однос на предложени закони, јас мислам дека многу поцелисходно би било г-динот министер да земе обврска па на ниво на Влада да се анализира оваа проблематика и да се предложи она што јас го целев. Значи, реално наплатлива казнена политика. Тоа ќе биде во двојна полза и на стопанството и на државата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Расправаме за амандманот на член 1.

Има збор пратеникот Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, политиката на казнувањето во светот во суштина има два основи, а тоа е граѓанинот да го одврати од сторување соодветни казнени дела од една страна, а од друга страна да влијае позитивно на другите граѓани да не сторуваат такви дела.

V/1.-ЛП/ОМ

**ТУШЕ ГОШЕВ**:(Продолжение)

Основната цел на казната е ретрибутивноста општеството соодветно,или вториот дел од казната, да му нанесе непожелна причина, што ќе му се нанесе доколку тој стори соодветно дело. Сега бидејќи не е основот дали државата може да ги наплаќа казните или не може да ги наплаќа во ефикасноста, туку е во спречувањето на граѓаните да не сторуваат соодветни казниви дела. Тоа значи дека казната, ретрибутивноста на казната треба граѓанинот да го одврати од сторување дело и позитивно да влијае на сите други граѓани да не сторуваат соодветни казниви дела. Ако законот во тие две насоки ја постигнува целта, тогаш мислам дека нема потреба од дискусија дали државата може да го наплати, дали е реално наплатлива таа казна или не. Државата преку својот инструментариум или империумот во спроведувањето на законот тоа ќе го каже, а ние зборуваме за основаноста на казнувањето или за ретрибутивноста на казната, даликазната е соодветна за делото кое ќе го стори граѓанинот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака?

За амандманот гласаа 6 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 1 поднесен до пратеникот Руфи Османи.

V/2.-

Отворам претрес по амандманот за додавање два нови члена 1-а и 1-б, поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Ги повлекува г-динот Османи.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 2 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Сите ги повлекувате, благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на законот.

V/3.-

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?
53 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)
Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Бидејќи 53 пратеници гласале, молам за информација колку пратеници се присутни во салата.

Ве молам, немаме кворум за полноважно одлучување.

Ги молам сите пратеници да влезат во салата.

(Во салата влегоа неколку пратеници)

Молам за уште една информација за бројот на присутните пратеници.

62 пратеници се присутни во салата.

Имам обврска да го повторам гласањето.

Кој е за законот, молам да крене рака?
59 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)
Дали некој се воздржува од гласање?(Никој)

Очигледно дека некој не гласал.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот аз стопанските престапи.

V/4.-

Преминуваме на **<u>Петтата точка</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за, претпријатијата, со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Бидејќи се работи за прописи од економската сфера, а исто така имам предложено неколку амандмани, да не ги образложувам после нив, ќе искористам прилика во воведните напомени да назначам некои работи кои јас мислам дека треба и предлагачот сериозно да ги анализира, а нормално и Вие како колеги да ги земете предвид при гласањето по овој закон.

Имено, нема да го анализирам она што се предлага од аспект на задолжително вработување на двајца вработени лица како услов за правно делување на правните лица во Република Македонија. Имено, ценам дека таквата обврска која се сака да им се наметне на правните лица во овој стопански амбиент, кој ние го имаме, а имајќи предвид дека претежно се работи за приватни правни лица кои се од трговска и угостителска дејност, кои регистрацијата на овие правни лица пред се ја имаат сфатено како индивидуална шанса за евентуално изнаоѓање на економската перспектива во ова песперспективно време, јас предлагам наместо да создадеме обврска за двајца вработени, да се остави алтернатива тие да имаат обврска минимум да вработуваат да кажеме 1

работник. Со тоа ќе се задоволи она што законодавецот го ценел, а исто така овој мој предлог јас го анализирам и од аспект на Законот за трговските друштва кој е во процедура. Јас сум на мислење оваа материја аналогно како што е предложено во Законот за трговски друштва, значи да оставиме едно приодно временско решение од 2-3 години, како што е предложено таму, самиот стопански амбиент да ги принуди овие правни лица да вработуваат повеќе или во зависност од финансиските резултати истите правни лица да бидат принудени да банкротираат, ако не се способни да опстанат на пазарот. Значи ова е првата интенција на што се однесува мојот амандман за задолжително вработување не на двајца туку само на еден вработен.

Понатаму, кога го предлагам ова, јас малку би се спорел и со аргументацијата дека бројката која ми се чини некаде ја изнесе министерот од над 40 иљади фиктивни претпријатија. Се поставува прашањето дали навистина тие претпријатија се фиктивни и дали државата го инкасира својот дел од државните приходи од нивното деловно работење. Јас сум сигурен дека државата инкасира дел преку наплата на царините , данокот на промет, акцизите, данокот од добивка, персонален данок од доход. Што не инкасира државата во овој случај? Државата во овој случај не инкасира само придонеси за здравствено и пензиско осигурување. Кога би ги инкасирала државата и овие придонеси, автоматски би се намалила основицата за пресметување на данок од добивка и автоматски би инкасирала помалку данок од добивка.

Значи, да не елабурирам повеќе, мислам дека единствениот проблем со кој се соочува предлагачот на овој закон се состои во фактот што имаме енермно зголемен број на правни лица, чија работа тешко да може да стаса Министерството за финансии адекватно да ја контролира. Значи, тука е најголемиот проблем, бидејќи анализирано од пред 4-5

години сигурно имаме околу 100 пати поголем број на правни лица, што навистина е тешко од аспект на контрола да се контролираат. Јас мислам дека тоа е пред се резултат можеби на некомплементарното делување на инспекциските служби во сите министерства. Во таа смисла, со поголем напор во таа насока сигурно многу работи би биле поадекватно регулирани и би се успеало да се контролира нивната активност на неадекватен начин, како што е и корист на државата. Тоа е што се однесува до бројот на вработените.

Јас сега ќе апелирам до правниците кои се присутни во салата особено овие две забелешки што сега ќе ги искажам , а кои се од правен аспект, истите добро да ме сослушаат и според можноста да ме негираат односно да ги потврдат моите сознанија. Имено, на што се однесува.

Особено дискутабилни се решенијата предложени во членот 184-а, 184-б, 184-в и 184-г. Имено, со член 184-а се предлага при уписот субјектот да достави до надлежниот суд договор за работа, заверен од службата за вработување. Изгледа дека се е врет, но дали е така? Предлагачот изгледа ваквото решение го засновал на поимот организација во основање што постоеше во Законот за здружениот труд, испуштајќи го од предвид што во Законот за претпријатија оваа норма не постои. Имено, субјектот го добива правниот субјективитет односно станува правно лице не во постапката во уписот во надлежниот суд, како што мисли предлагачот, туку после уписот односно откако се регистрира во судот, што од друга страна значи дека откако ќе се регистрира при надлежниот суд, може да склучи договор за работа како работодавач, бидејќи дури тогаш ги добива правните белези како што се: основачот, односно директорот, потписниците,печатот, жиро сметката односно дури тогаш може да склучи договор за работ аи да го завери во Службата за

вработување. После тој чин значи тој договор е во можност да го достави до надлежниот суд.

Образложението кое е дадено во прилог на овој текст на законот не кореспондира со членот 184-а од причини што во истото се спомнува оваа обврска да се вгради во актот за основање односно во Статутот додека пак со овој член се предлага истото во постапката за регистрација и веднаш се реализира, што е неизводливо. Неизведливоста постои во фактот што фирмата почнува со активност откако ќе се регистрира при надлежниот суд, што значи кога на тој акт ќе се додаде потребното време за објавување конкурс и прием, ќе дојдеме до временскиот период од 30 дена минимум, после регистрација, како што имам предложено во мојот амандман на овој член.

Значи, во оваа моја прва и суштествена забелешка предлагам откако се регистрира правното лице, има обврска во рок од 30 дена да достави до надлежниот суд договор за работа, а не како што предлага предлагачот при уписот да достави до судот договор за работа, што правно и практично е неизводливо од она што го реков. Ова е првата забелешка од правен аспект.

Втора забелешка: Според мое размислување, предложеното во 184-в и 184-г во суштина преставува преседан во казнената политика на правните лица. Се предлага, ако не се исполни условот од аспект на вработување, надлежниот суд тие субјекти да ги избрише од судскиот регистер. Се поставува прашањето, ако се усвои вака предложениот текст што станува правно- Ве молам, прашувам со правата и обврските кои тие правни лица ги имаат стекнато до моментот кога де јуре биле живи односно активни. Ве молам, овој момент е многу битен. Зошто? Ако да кажеме постојните правни лица кои не вработувале лица остварувале

определена деловна активност, преку таа деловна активност тие правио имаат и права и обврски. Имаат права од аспект на побарувања кон деловните партнери, па можеби и кон државата, а истовремено имаат и обврски кон деловните партнери и кон државата. Ако се прифати предложената солуција судот по автоматизам да ги избрише од судскиот регистар, автоматски тоа значи дека тоа избришување ќе се објави во Службениот весник на Македонија, после тоа објавуваше во Службениот весник престанува да важи и печатот на таа фирма, престанува да постои таа фирма де јуре. Што станува сега дефакто со тие права и обврски? Дозволете едно размислување. Тоа би значело, вака народно кажано, кога за крив човек матичарот прогласи смртовница и би го прогласил дека е мртов, односно анализирајќи од аспект на Законот за државјанство , тоа е истата судбина со многуте граѓани на Македонија кои се прогласени за апатридни граѓани.

Јас мислам дека особено ова решение и претходното решение не би требало овој парламент да дозволи да се усвои, бидејќи навистина е нелогично и правно неиздржливо. Во оваа смисла, бидејќи во оваа сала постојат навистина компетентни лица од правен аспект, и ги повикувам истите да излезат на говорница и да ги потврдат или да ги негираат моите тези со адекватни правни аргументи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Мешков.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, во најголем број ја прифаќам дискусијата на г-динот Руфи Османи и само сакав да

кажам неколку зборови во врска со поднесениот амандман околу бројот на вработените лица. Мислам дека сосема не е вред да егзистираат фирми каде што фиктивно само ќе има регистрирано фирма без пријавен никој, ниту еден, меѓутоа, потполно се согласувам дека треба да прифатиме барем само еден да биде регистриран односно пријавен како вработен. Значи, фирмата да егзистира барем со еден вработен,а негова оценка да биде дали ќе има потреба понатаму според работата како ќе му оди да вработува друг или трет. Во спротивно, ако присилиме некого да вработува уште еден или двајца, тоа може да биде дестимулативно за него, односно со оглед на давачките и успехот во неговата работа тоа дестимулативно да делува тој да појде во Фондот за здравствено или во Фондот аз пензиско и инвалидско осигурување да поднесе пријава за пензионирање. Во спротивно ако го задолжуваме со повеќе од еден, се разбира, зборувам за некои од нив, во тој случај предлагачот ќе постигне цел само да се регистрира помал број на невработени а фактични не би ја постигнале целта. Сега, ако обратно го гледаме проблемот, дестимулирањето на таквиот човек може да го донесе тој и натаму да не пријавува односно диво да работи и да не пријавува осигурување. Затоа предлагам тоа да биде најмалку еден, а по негова оценка да оцени дали ќе има потреба или нема да има потреба да вработува уште еден.

Второ, околу второт амандман мислам дека неисполнувањето на законската обврска би требало да биде причина за казнување затоа што тој не си ја исполнил обврската да го направи тоа и тој треба да си сноси соодветни законски консеквенции за тоа, а не да биде услов за бришење од регистар.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, во суштина на содржината на овој закон беше истакнато од претходните двајца дискутанти и во основа се согласувам дека треба целосно да биде регулирано со законот за трговски друштва во еден коегзистентен принцип и во едно целосно согледување. Фактички во овој момент се работи за овој закон од страна на Владата за едно интервентно однесување кон еден закон кој околу 80 до 90% од своите одредби е неприменлив тоа е Законот за претпријатија и во таа смисла би се придобиле одредени придобивки каде се зборуваше во делот на фондовите, тука е Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и Фондот за здравствено осигурување, додека одредени други давачки сега се остваруваат во овие таканаречени фиктивни претпријатија.

Беа побарани одредени правни толкувања и да не навлегувам во расправа во основа се согласувам и од страна на Законодавно - правната комисија се поддржани тие, а претходно беа поднесени од пратеникот Руфи Османи одредени амандмани.

Јас би сакал да ве информирам дека во оваа смисла, односно во смисла на исправката на член 1 тоа е материјално прашање Владата со својот предлог предлагаше да се вработуваат најмалку двајца односно во оние закони и дејности минимум потребниот број.

Амандманот на Руфи Османи, амандманите на Никола Поповски и моите амандмани во суштина го регулираат тој дел и правно го регулираат за сведување на директорот или законскиот застапник.

Мислам дека и основните предлагачи по однос на изјаснување на амандманите би ги повикал суштината на амандманот на член 1 од тројцата предлагачи е иста, а моите амандмани и од Законодавно -

правната се почисти во однос на остварувањето, па тие сигурно ќе размислат во однос на остварувањето.

Другата принципиелна забелешка е сосема исправна во однос на член 18 4-а и пратеникот Руфи Османи и Никола Поповски се обидувавме дека не може да настане правно дејствие пред уписот во судски регистар и тука тие амандмани се согласност. Тука би сакал да искажам дека временскиот период од 30 дена се сметаше дека е доволен истакна пратеникот Руфи Османи, но има уште еден амандман кој би апелирал Владата да го прифати, тоа е амандманот на последниот член за влегување во сила на овој закон со тоа што Никола Поповски предлага овој закон согласно Уставот може да влезе во сила од 1 јануари со тоа што се добива временски период од еден ипол месец и месец дена престројување во однос на вработувањата и на постојните фирми и на новоформираните фирми да имаат законски рок од околу два ипол месеци или 70 до 80 дена што е доволен рок за да можат особено регистрираните фирми да се престројат и да одлучат дали ќе се престројуваат по овој закон. Сметам дека тој дел на амандманите Владата би требало да го прифати.

Принципиелен и правен проблем е и другата забелешка во однос на казнените одредби, имаме два различни приоди во однос на спроведување на правниот и последиците од финансискиот и другиот дел. Во однос на бришење од судскиот регистар и последиците од преземени обврски и настанати обврски мислам дека би зависеле во однос на натамошната постапка од одредени закони кои ја регулираат таа област особено одговорноста на самата фирма во делот како ја регулира таа одговорност. Сметам, доколку Владата смета само по однос на целта што би се постигнала во казнената политика во однос на

казнените одредби кои се максимум со законот за стопански престап и прекршоци. Во тој дел по мое мислеше, а и по мислење на ЗПК двете варијанти до донесувањето на Законот за трговски друштва би се прочистиле и сигурно Владата и претставникот во овој дел дали би имало правни последици за преземени обврски, сметам дека би се надминале со одредени толкувања и слично и мислам дека двете варијанти барем по мое длабоко мислење почиста варијанта е во однос да се знае доколку некој не го исполнува условот во договорот за основање на фирма или други видови на претпријатија би требало да сноси санкции во паричен износ и казни, а доколку со предлогот на Владата односно со бришењето сигурно ќе има одредени проблеми кои од правен аспект би биле протолкувани и прочистени. Затоа предлагам и сметам дека има потреба од овој закон интервентен и краток период со тоа што би се создал одреден ред во досегашното работење на овие претпријатија и би требало да го поддржиме овој дел, а за амандманите би апелирал кај пратениците да се прифатат амандманите поднесени од моја страна, бидејќи суштината е иста, а Владата да го прифати амандманот од страна на Никола Поповски, тоа е амандманот 6 кој го дава тој преоден период за спроведување на овој закон во еден реален и можен законски рок.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за претпријатијата.

Кој е за, молам да крене рака? (Благодарам)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам, дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (Благодарам)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Руфи Османи поднесен амандмани на член 1 и на член 2 потточка 2-а; член 3; и за додавање нов член 3-а по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Мирко Трипуновски, поднесе амандмани на дчлен 1 член 2 потточка 2-а и на член 3 во новододадените членови 184-а и 184-г; на член 1, член 2 потточка 2-а и на член 3 во новододадените членови 184-а и 184-6 и на член 3 во новододадениот член 184-6 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Никола Г. Поповски, поднесе амандмани на член 1; член 2; член 3 во новододадениот член 184-а, за заменување на зборовите "при уписот" со зборовите "по уписот во рок од 30 дена"; член 3 во новододадениот член 184-а за заменување на зборовите "како и" со сврзникот "или"; член 3 во новододадениот член 184-г и на член 4, по кои Владата не се произнела.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 3 во новиот член 184-а со кои се согласил претставникот на Владата и тоа е составен дел на предлогот на законот.

Пратеникот Алексндар Гештаковски, поднесе амандмани на член 1, 2 и 3 во новите членови 184-а и 184-г и на член 3 во новиот член 184-а по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Александар Гештаковски, поднесе амандман на член 3 на новиот член 184-в по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Никола Г. Поповски.

Има збор господинот Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Извинете потпретседателе, почитувани пратеници со оглед на интервенцијата на Гештаковски која ја прифаќам ги повлекувам амандманите 1-/ 2, 3, 4 и- 5 ги повлекувам од процедура со образложение дека соодветни амандмани се поднесени и од Гештаковски и од ЗПК и од Руфи Осамни, а дел и од пратеникот Мирко Трипуновски. За да не ја комплицираме работата ќе гласам по тие амандмани доколку Владата не ги прифати и ги повлекувам од процедура, а амандманот 6 не го повлекувам од процедура.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 1 и на член 2 потточка 2-а, поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Има збор пратеникот Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Го прифаќам предлогот на господинот Гештаковски, но овде остана дилема во однос на мојот амандман број 3 по однос на алтернативата што Владата ја има предложено за бришење од судскиот регистар. Господинот Гештаковски даде толкување, но не беше јасен до крај, јас го повлекувам амандманот 1 и 2 додека останувам на амандманот број 3.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 1, 2 и 3 во новите членови 184-а и 184-г, поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Миљовски.

**JАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 1, член 2 потточка 2-а и на член 3, во новододадените членови 184-а и 184-6 поднесен од пратеникот Мирко Трипуновски.

Има збор господинот Трипуновски.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, колеги пратеници, амандман 1 и амандман 2 на член 1 член 2 и точката 2-а т.е. новите членови 184-а и 184-г, ги повлекувам бидејќи предлогот на господинот Гештаковски е соодветен на тоа и одговара да не расправаме по ист амандман тоа го прифаќам а амандманот 3 во членот 3 на новиот член 184-ба бројката 30 каде се предлага мојот предлог е 90 дена и останувам на тој предлог.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Што значи кој има висок степен на соработка и разбирање.

Отворам претрес по амандманот на член 3 во новиот член 18 4-а, поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Има збор господинот Миљовски.

**JАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 во новододадениот член 184-б поднесен од пратеникот Мирко Трипуновски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа, меѓутоа се прифаќа идејата, јас би преферирал една поточна дефиниција на тој подолг рок и ми се чини дека поточната дефиниција е во амандманот 6 на господинот Никола Поповски, така што ако му одговара на господинот Трипуновски може да се приклучи на овој амандман.

Со деведесет дена го одбиваме, а сме подготвени да прифатиме од 1 јануари ако ви одговара.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратеникот го повлекува амандманот.

Отворам претресе по амандманот на член 3 во новиот член 184-в поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Има збор, господинот Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 3-а поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Има збор господинот Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа и би сакал да објаснам зошто. Престанување на бришење од регистарот може да настане по различни основи. Во правниот систем постои регулација за обврските на кој начин ќе се вршат за оној правен субјект за кој треба да се изврши бришење

така што тука не престанува или не се губи, туку мора по одредена законска процедура да се приврши оној промет што се врши Од друга страна со вакво регулирање сакаме да му дадеме сила на она ви го предлагаме. Што ви предлагаме ние? Ви предлагаме следното: дека претпријатие не може да живее ако во него не работи некое физичко лице кое ќе е одговорно за потпишување на документите и кое ќе одговара и пред закон. Тоа значи ако го прифатиме да не се брише каква ситуација може да настане при регистрација да се пријави лицето и тоа да се отпушти лицето од работа, тогаш повторно доаѓаме во ситуација претпријатието да нема претставник. Ние сакаме некој да сноси правна одговорност за дејствијата кои претпријатието ќе ги преземе. Тоа ќе го направиме само ако постои физички вработено лице. Оттука заканата со бришење од судски регистар ако нема ниеден вработен е сосема логична на крајот на краиштата помислете како може да работи претпријатие, да живее а во него да нема ниеден вработен. Оттука остануваме на предложениот текст, а амандманот го одбиваме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас накратко една реплика во спротивна насока, констатацијата на господинот министер не е точна правно од следната причина. Независно дали е вработено одредено лице или дали постои вработен човек во одредено правно лице, согласно актот за основање и согласно статутот на тоа правно лице се знае одговорно лице е оснсвачот и тука нема никакви дилеми може тој основач да има работен однос во друго претпријатие, но тој ги сноси сите права и обврски и од ова правно лице во кое согласно актот за основање истиот го има основано сам или со

други акционери и сооснивачи. Значи, од тој аспект констатацијата на министерот е погрешна и не држи имено сега анализирајќи го моментот што јас ги повлеков амандманите 1, 2, амандманот 3 станува правно неиздржан, но јас се уште не сум убеден дека она што го толкува господинот министер од аспект на права и обврски, од аспект на побарувања од сметководство и обврски што ги има правното лице, бидејќи на тоа правно лице ќе му гасне жиро сметката, што правиме, ве молам, од тој аспект, затоа јас апелирав претходно од страна на господинот Гештаковски кој даде адекватно толкување јас правно да бидам убеден.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Криво ми е што господинот Руфи Османи не верува кога јас ќе му дадам објаснување, би бил среќен кога би било така. Независно од тоа дали се брише сметката или не значи се блокира сметката таа не исчезнува. Правата во врска со дејствијата кои претпријатието ги презело додека било регистрирано остануваат и обврски на сопственикот на претпријатието остануваат, останува некаква лична одговорност на тој што ги потпишувал актите за да може да се бори. Според тоа не е точно дека со бришење од регистарот претпријатието исчезнува Со бришењето од регистарот тоа веќе не може да обавува дејност, а веќе започнатите работи или тужбени барања по претходно заклучени зделки апсолутно можат да се вршат така што бришењето од регистарот значи забрана за натамошна дејност, меѓутоа сите веќе започнати работи си добиваат строго регулиран правен ток. На крајот на краиштата во промет не треба да држиме претпријатие кое не ги исполнува макар минималните услови за да работи.

VI/10

Што се однесува, јас не знам дали точно го разбрав господинот Руфи Османи околу вработувањето ние тука разликуваме две лица сопственик и овластено лице. Тоа може да биде исто лице а може да биде и различно лице. Сопственикот на претпријатието може да работи на друго место, меѓутоа, според Законот за работни односи сопственикот на претпријатието не може да работи истовремено т.е. никој не може да работи истовремено на две места тоа значи ако сопственикот на претпријатието одбере да работи на друго место тогаш ќе мора да вработи овластено лице кое во името на претпријатието ќе ги потпишува документите, а кога ќе се брише претпријатието од регистарот тогаш престанува неговата понатамошна дејност, а правните дејствија апсолутно си важат за претходниот период и на крајот на краиштата никому не се брише нешто што го направил порано само заради тоа што сега ќе го смени статусот. Не, а понатаму не смее да преземе дејство, а обврските од претходно си остануваат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (13)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 3-а, поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Отворам претрес по амандманот на член 4 поднесен од пратеникот Никола Г. Поповски.

Има збор г-динот Јане Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збир, го заклучувам претресот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (58)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Ве молам, треба да провериме дали некој од пратениците не гласал.

Г-дин Теодосије Паунов не гласал. И гласа за.

Констатирам дека 59 пратеници гласале за.

Ниту еден пратеник нема против.

Исто така ни еден пратеник нема воздржан.

Според тоа некој од тоа не гласал.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за дополнување на законот за претпријатијата.

Минуваме на **точка 6** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита со Предлог на закон.

Молам, пратениците да не ја напуштаат салата бидејќи како што гледате тука сме некаде на работна кворумот.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работата на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам,кој бара збор.

Има збор г-динот Илија Филипче, министер во Владата на Република Македонија.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Г-дине потпретседателе дами и господа пратеници.

Во животот секој од нас, порано или подоцна се сретнува со проблемот на болеста која може да го промени целиот живот, семејниот мир, можностите за творештво и ангажирање на работното место. Со тоа се загрозени напредокот, благосостојбата, социјалните и здравствените прилики во семејството и населението во целина. Поради тоа сите држави кои имаат за цел социјална благосостојба, во најшироко значење на зборот, воспоставуваат услови и односи во зависност од можностите и достигнатиот степен на развој. Во тој правец и Република Македонија ги има поставено релативно јасно целите и потребите за постепено менување и прилагодување на организацијата и финансирањето на здравствената дејност, со цел приближување кон Европските стандарди а тоа подразбира квалитет успешност и ефикасност на јавното здравство, со задржување на предностите што ги нудеше претходниот систем на здравствена заштита. Луѓето, да не заборавиме дека тоа треба да се усогласи со економските и финанси-

ските можности на државата стопанството и граѓаните.

Почитувани пратеници, на сите вас, на некој повеќе на некој помалку Ви е јасна состојбата со Фондот за здравствено осигурување. Кои се причините, исто така, Ви се познати. Но, Вие, исто така, треба да знаете дека сите заедно сме одговорни за извршување на неговата основна функција.

Во услови кога реалното ниво на платите во последните неколку години е намалено, за повеќе од 40%, а бројот на работниците за околу 25%, износот на придонесот за здравство реално е намален за околу 57%. Оттука, моменталниот недостиг на средствата се цени за околу 1 милијарда денари, што претставува потрошувачка во здравството за месец и половина. Тоа прави Фондот за здравствено осигурување извонредно тешко да ја крши својата функција, да обезбедува средства и да ги подмирува трошоците за здравствените услуги на своите осигуреници и трошоци за лекови, односно да ја финансира здравствената дејност , како и да ги исплаќа надоместоците на плата за време на боледување или за време на отсуство на работа поради бременост и породување.

Меѓутоа, сакам да истакнам една работа. Во една таква независна состојба Владата на Република Македонија со своите механизми прави огромни напори, лековите, санитетскиот и друг потрошен медицински материјал да ги одржува на еден оптимален минимум.

Се вложуваат огромни напори, медицинската опрема иако застарена ќе се одржува во добра кондиција. Се купува нова опрема софистицирана, како не би заостанувале во технолошкиот процес на раната дијагноза и терапија. Особено развојно ќе се форсираат оние клиники чии поранешни раководни лица, монополизирајќи ја својата, би рекол положба односно својот "авторитет и квалитет" не дозволија

нивните клиники да се развијат, а со тоа тие клиники во својот развој заостануваат десетица години.

Се трудиме здравствените објекти, нивниот градежен дел, инсталации, да ги санираме, а се градат нови објекти. Обврските спрема добавувачите на здравствените организации иако некои со задоцнување, ги испоатуваме. Иако таков реципрочен пристап не наоѓаме и од нашите должници.

Исто така и надоместоците на плата за време на боледување ги исплатуваме со задоцнување.

Во една таква состојба, а со цел, прво, запирање на негативните тенденции во здравството и здравственото осигурување и второ реализирање на почнатите реформски зафати согласно разговорите и обврските што ги преземаме кон светската банка и светска а здравствена организација,оценивме дека е потребно во овој момент да се донесат одредени измени и дополнувања на Законот за здравствена заштита.

Бидејќи образложението на овие измени во законот на сите ва сви се презентирани, истакнав само некои основни елементи од тие измени.

Прво, со измена на неколку членови повторно се воведува правилото здравствена заштита и права од здравствено осигурување да може да користат само осигуреници кои редовно или најмалку со задоцнување од 60 дена го плаќаат придонесот за здравствено осигурување.

Меѓутоа, веднаш ќе кажам дека во случај на итна медицинска помош тие правила не важат односно на секој еден болен граѓанин ќе му биде укажана лекарска помош без оглед на тоа дали има или нема уплатено здравствен придонес.

VII/5.-

Второ се пропишуваат нормативи и стандарди со кои Министерството за здравство го утврдува бројот на потребните лекари и друг медицински персонал на определен број осигуреници на одредено подрачје. Тоа претставува основа за утврдување на планот на мрежата на здравствените организации и ординации како и на потребниот број на лекари во јавното и приватното здравство кои се пружат услуги на осигурурениците на тоа на средствата од Фондот за здравствено осигурување и буџетот на Републиката.

Трето, се зајакнува институцијата избран односно личен лекар со задолжително негово пишување во здравствената легитимација и здравствениот картон на осигуреникот, а тоа ќе претставува услов за остварување на одредени права од здравствената заштита и здравственото осигурување.

Осигуреникот има право на избор на личен лекар меѓу лекарите во основната здравствена дејност во здравствениот дом или во приватната ординација кај лекар кој има склучено договор со Фондот за здравствено осигурување.

Ако осигуреникот нема посебни барања во поглед на изборот, негов личен лекар постанува оној кај кого бил првиот пат во текот на календарската година. Личниот лекар по правило е лекар од општа пракса, може тоа да биде и педијатар и школски лекар, лекар специјалист по медицина на трудот, стоматолог и гинеколог.

Прописите определуваат изборот на личен лекар да трае една година, а пред тоа може да се прекине само ако дојде до нерешливи проблеми, во соработката меѓу болесникот односно семејството и лекарот.

Законот посебно дава можност на осигурениците да изберат свој личен гинеколог односно за децата т.е. нивните родители да изберат личен педијатар.

VII/6.-

Предвидена е можност на личен стоматолог. Како осигуреници кога имаме проблеми најпрво се обраќаме на својот личен лекар. Личниот лекар ја прати нашата здравствена состојба, не лекува и ни препишува лекови на рецепт и ја води нашата здравствена документација. Ја утврдува и предвремената среченост за работа поради болест или повреда која трае до 60 дена. Ако оцени дека е потребно не испраќа со упат до одреден лекар специјалист или на болничко лекување, а во одредени случаи и на лекарска комисија. Лекарот специјалист врши услуга во принцип за еднократен упат.

Во случај кога поради здравствена состојба или поради хронична болест како што се дијабетот, односно луѓето кои се на дијализа и кога е потребна постојана соработка со лекар специјалист, може личниот лекар да пренесе дел од своето овластувања кои се однесуваат на дијагностиката и лечењето на таквите хронични болести, вклучувајќи препишување на лекови и упатување на други специјалисти или во болница. На таков лекар специјалист кој е должен личниот лекар постојано да го известуваме за своите постапки и за процесот на лечење. Овластувањето се дава на договорен временски период.

Воведувањето на институцијата личен лекар произлегува од желбата да го подобриме квалитетот на односите помеѓу пациентот и лекарот, бидејќи изборот е израз на доверба која ги обврзува двете страни и ги поттикнува на меѓусебно почитување, како на правата така и на обврските.

Исто така со овие измени очекуваме да се зголеми динамиката на приливот на средства во Фондот што ќе ни овозможи зголемување на средствата наменети за позитивната листа на лекови за најмалку 50%. Зголемување за надоместок за материјалните трошоци за здравствените организации, како и поредовно исплаќање на надоместокот за боледување и породилно отсуство.

VII/7.-

Почитувани пратеници тоа се основните потреби на кои сакаме да дадеме приоритет во наредниот период, со единствена цел за задоволување на барањата на осигурениците од лекови и надоместокот. Од тие причини почитувани пратеници, ве молам да ги усвоите предложените измени и дополнувања во Законот за здравствена заштита.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Би сакал да се надоврзам на излагањето на министерот како образложение за потребите од промени на Законот за здравствена заштита што по втор пат се актуализира во Законодавната власт. Имено кои се основните цели на системот на здравствената дејност.

Прво, здравствената дејност во општеството е задолжена да ги одржува позитивните трендови што досега ги постигнало здравството, кои што се обликувани низ индикаторите на здравјето, а тоа се продолжен живот, животен век од 1961 до 1995 година, од 61 на 72 години. Второ, драстичен пад на смртноста од 171 промил на 28 промили, намалување на специфичната смртност на доенчињата.

Покрај тоа, во досегашните услови на транзиција и рецесија во стопанството се поставува ако актуелно одржување на постојните здравствени услуги во помал обем, а подобар квалитет. Второ, се поставува како актуелно обезбедување на есенцијалните лекови за лекување на болните, одржување на медицинската дијагностичка и терапевтска технологија која е застарена 70%, обезбедување на есенцијалните репроматеријали за изведување на здравствените услуги. Меѓутоа, тоа се само хумани цели и аспирации и истите се реализираат доколку се создадат материјалните претпоставки за нивна реализација.

Со донесување ан проектот за макро - економската политика оваа законодавно тело и Владата се определија за консолидација на фискалниот сектор во макро економската политика, како стратегија.

Се поставува прашање како тоа ќе се постигне, а во тој контекст да се изврши и ревитализација на задолжителното здравствено осигурување, Повторувам, задолжително здравствено осигурување, како облигација што ја поставува државата спрема граѓанинот.

Познато е дека здравството фундира на два основни принципи:

Прво, за сопственото здравје одговорна е индивидуата, односно таа е претприемач на сопственото здравје, а за здравјето на популацијата е одговорна државата односно истата е претприемач на нејзиното здравје. Според тоа, сега се актуализира ревитализација на институцијата задолжително здравствено осигурување од аспект на обезбедување на индивидуалното здравје на граѓанинот и ревитализација на буџетот и неговите трансфери во здравственото осигурување заради одржување на здравјето на популацијата односно заради заштита на популацијата од масовни заболувања, како што се заразните заболувања или евентуална појава на нови биолошки болести, како што е сидата, и други преземање кои се лоцирани во деветте програми во законот за здравствена заштита за колективното здравје.

Денес присутна е и евидентна следната констатација.

Прво, во сферата на фискалниот дел за Буџетот за социјалните фондови како што е Фондот за задолжително здравствено осигурување, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Фондот за вработување, постои една смалена динамика, а и обем на прилив на средства. Се поставува прашање зошто и како треба да се обезбедив консолидација на фискалниот сектор во макро економската политика.

Прво од тоа ќе се овозможи ако се елиминираат следните присутни појави. Прво, присутна е појавата на плаќање на задолжителниот придонес на понизок износ на плати од фактички, остварените поготово кај ново формираните работоправни субјекти чии што број сега со измените на законот за претпријатија, рековме дека оптимално ќе се

сведе на бројот на нивните носители. Колку работоправни субјекти од приватниот сектор, толку и нив и работоправни носители. Ако сега се тие 80 илјади тогаш сигурно зборуваме за 80 илјади вработени во приватниот сектор, што е еден позитивен тренд за разлика од состојбите што транзицијата ги продуцира при ремоделирањето на постојниот општествен сектор.

VIII/1 РД/ЛБ

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:** (продолжение)

Второ, имаме драстично намалување на вкупниот број на вработените во земјата. Имено, денеска во земјата се вработени 361,3000 вработени, а невработени 222 .000,8 или 23% од вкупно работоспособното население во Република Македонија. Имаме намалување на вкупно исплатената нето плата. Доказ до март 1995 година исплатени нето плати изнесуваа 2 милиони денари, што беше за 0,2% помалку или за 8,1% помалку од законски утврденото право. Кога ја имаме таа состојба присутна во намалуваше на вкупно исплатените нето плати и кога знаеме како се финансираат сите овие социјални фондови, вклучувајќи го и фондот за здравствено осигурување логично се наметнува заклучокот дека во фискалниот дел, приходниот дел во фондот за здравствено осигурување е редуциран. По тоа, фондот за задолжително здравствено осигурување трпи финансиски последици и порази. Неизвршување на обврските од Заводот за вработување, што укажува на потребата од страна на Владата да иновира Закон за вработување, за да може да се дефинира еднаш во оваа земја што е тоа невработен , затоа што тоа не е апсолутна дефиниција, секој кој што се регистрира во Заводот за вработување да е невработен, второ, неизмерните обврски од Фондот за инвалидско и пензиско осигурување кои сега изнесуваат 500 милиони денари трето, помал прилив на средства од странската помош со кој што се редуцираат досега дефицитите на фондот, а сега не е така и натаму се крешеше законот за плати, односно член 8 од Законот за плати на тој начин што се исплаќаше плати во натура, во бонови, што пак се реперкутираше на фискалниот дел на средствата на Фондот за задолжително здравствено осигурување.

Исто така, за посебно одбележување е и со овој закон очекуваме посебно тука промена во фискалниот дел на средствата на задолжително здравствено осигурување, имено, од страна на ново

создадените правни субјекти се кршеа одредбите на член 1 став 2 од Законот за плати, а тоа се однесуваше на оние правни субјекти кои што 70% се приватизирани. Имено, се крешеше членот 5 од Законот за плати кој се однесуваше на работоправните субјекти кои што се 70% приватизирани на тој начин што не се извршуваше обврската за плаќање на придонес за здравствено осигурување и за даноци на 65% од просечната нето плата по работник во гранката на која и припаѓа правното лице, секако регистрирано согласно уредбата за единствената класификација на дејностите објавувања во тековниот месец до 25 од Министерството за труд и социјална политика.

Мислам дека самоприфаќањето на промените предложени во овој закон се постигнува одредбата во макроекономската политика за консолидација на фискалната сфера во сите фондови што имаат покрај основните и други социјални функции и во тој контекст и на фондот за задолжително здравствено осигурување.

Не би сакал понатаму да елаборирам за другите прашања оставам на другите, меѓутоа ценам дека со одредбите од членот 16 со воведување како регулар на картата за осигурување се постигнува фискалната цел за ревитализација на фондот за задолжително здравствено осигурување за да може да се постигнат основните одредници на неопходното зачувување на здравствената заштита и на граѓанинот и на индивидуата и на популацијата.

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван еден министер и почитувани колеги, причините, содржината, образложението, и целта дадени во тој предлог на закон за измена и дополнување на Законот за здравствена заштита се доволни истиот да биде поддржан и усвоен на денешната седница, иако е даден со задоцнување.

Алармантната состојба во оваа дејност, како материјално финансиската сфера така и во социјалната поставеност ги прави

незадоволни корисниците и давателите на здравствената услуги. Овој интервентен закон е само обид да се локализира пожарот што прети на оваа дејност да не може ни минималните делови од функцијата да ги врши.

Здравството е за секоја земја важна дејност и еден од параметрите за стандардот на таа земја и нејзината здравствена лична карта. Сегашната организациона поставеност на јавното здравство е неадекватна и надмината. Многу проблеми, нерешени прашања и импровизации состојбата ја правата многу тешка. Материјалната состојба е загрижувачка бидејќи основните генератори на финансирање од скоро уништеното стопанство се изгасната. Нови генератори нема, или се слаби и сегашниот недостиг на 1 милијарда денари го доведува во прашање понатамошното минимално функционирање на здравствениот систем во целина.

Условите за работа се лоши. Просторните, техничките и стручните услови се очајни. Болните тешко се примаат на лекување, а ако бидат примени треба да се соочат со многу непријатни доживувања. Да донесат од дома постелина, да купуваат пицами, да донесат прибор за храна, лекови и медикаменти, да купуваат од приватните аптеки, бидејќи во установите и клиниките ги нема повеќето од пропишаните лекови во тераписките листи и издадените рецепти. Пациентите не се често задоволни од третманот и односот на персоналот. Долго чекање за посложени клинички иследувања, веќе застарена апаратура која често откажува, нејзината поправка е условена од резервни делови од увоз, блокади и забрани, а најчесто немање на средства за купување на тоа истовремено.

Давателите на здравствените услуги поради своите ниски примања веќе се доведени на работ на егзистенцијата и не се веќе во можност да ја кредитираат здравствената дејност иако тоа го чинеле веќе 50 години. Нивните плати се наемнички и изнесуваат од 4.000, 150 германски марки до 16 илјади денари со задоцнување од 30 до 40 дена.

VIII/4

Дестимулативното дејство на ниските лични доходи уште повеќе е потенцирано со начинот на наградување по диплома, односно само степен на образование, е не спрема вложениот труд. Поради низата слабости и недоследности и објективни тешкотии, јавното здравство изгуби и во очите на корисниците и во очите на давателите на здравствените услуги и од својот статус не се задоволни ни едните ни другите. Граѓаните најчесто велат да не даде господ да се разболиш, никој не те погледнува ако немаш пријател или пари. Сивата економија се заканува во оваа област и го доведува во прашање епитетот хумана дејност, а Хипократовата заклетава останува како опомена со јасни пораки, но не и практична примена. Наспроти тоа се јавува еден нов квалитет со почетокот на приватното здравство со нови раскошни и убави ординации, скапа опрема, современи технички помагала, љубезен прием и брза и ефикасна услуга, од истите лекари и даватели кои целосно се измениле во своите ординации и аптеки. Меѓу тажното и јавно здравство и сјајот на приватното се јавува еден паразитите кој го подјадува јавното здравство и нелојално му конкурира на легалното приватно здравство, т.н. полуприватно со диви непријавени ординации кој се јасно санкционирани со закон, но и понатаму истите опстојуваат.

Затоа сметам дека се потребни коренити реформи до нашето здравство, потребно е модел до нашето здравство во нашата држава, приближен до европските модели со модификација условена од севкупните реформи во РМ посебно стопанските, модел со кој ќе бидат задоволни и корисниците и давателите.

Организационата поставеност на јавното здравство треба да одговори на современите потреби на граѓаните. Овој закон е само почеток на тоа настојување, посебно се членовите 12, 13 и 14, каде се регулира правото на осигурениците со слободен избор на лекар, одредување стандарди и нормативи за потреба од лекари, според бројот на населението и други потребни критериуми, што ќе биде основа за

правење на планот на мрежата на здравствените организации, како на јавното така и на приватното здравство.

Воведувањето на целосна евиденција и во целосно следење на здравствената состојба од страна на бираниот лекар, тие обврски се големи, но со тоа и неговите права. Утврдување на односите на фондот на јавните и приватните здравствени организации во согласност со утврдени стандарди и нормативи и овластувањата на фондот со донесувањето на овој закон и мерките што се предлагаат се обезбедува поголема финансиска дисциплина и поголем прилив на средствата во фондот што е и крајна цел на измена на законот. Јас во целост го поддржувам и за истиот ќе гласам.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Господине претседавач, господине министре, дами и господа, пред нас се наоѓа предлогот на законот за измена на Законот за здравствена заштита по итна постапка. Недискутабилна е целта, поради која се вршат овие измени, како и итноста на постапката. Треба да се поздрават измените на законот со кој се овозможува поефикасно прибирање на средствата, како и нивна контрола. До колку навистина овие мерки овозможат 30% поголем прилив на средства во фондот, мислам дека нема да има дилеми меѓу пратениците во однос на прифаќање на овие измени.

Финансиската состојба на фондот за здравствено осигурување е позната. Одобрувањето на истата ќе овозможи по релаксирано функционирање на системот за здравствена заштита, што секако е во интересен на крајниот корисник, осигуреникот. Јас за овој сегмент на законот не би зборувал повеќе. Она што мене повеќе како пратеник, претставник од приватното здравство ме интригира е другиот сегмент на законот Не би се согласил со предлагачот дека цел на измените е претходно споменатото. Она што провејува во одделни членови на законот, се мисли на член 12, 13, 21 и 22 се напорите на Министерството

да се регулираат одредени односи од потрошувачката на средствата на страната на приватните здравствени организации. Но пред да почна да елаборирам, мислам дека како ние, како законодавна, а секако уште повеќе како извршна власт мораме да расчистиме со дилемата приватизација во здравството да или не. Дали ќе биде демагогија која ќе стои во партиските документи или во програмата на Владата или навистина тоа ќе се операционализира, и дали сега е моментот да се прават палиативни чекори во регулирањето на односите меѓу фондот од една страна и потрошувачите, јавното и приватното здравство од другата страна. Дали овој пат нема операционализацијата на законот да се однесува на приватното здравство додека јавното здравство ќе биде поштедено со филозофијата, таму не чепкај. Ми се чини дека со претходниот закон за здравствена заштита Министерството за здравство не направи добра проценка за развојот на здравството во приватизацијата, па сега со одредени палијативни закони и мерки кој содржат многу недоречености сака да се успори истата. Мислам дека за комплетно соочување со проблемот и негово сеопфатно решавање треба нов закон за здравствена заштита, чија основна цел ќе биде пружање на квалитетна, стручна и економична здравствена заштита на крајниот потрошувач, осигуреникот. Без воведување на пазарно однесување во здравството каде основен услов ќе биде конгруенцијата, тоа не може да се постигне. Мислам дека законските измени што ги предлага Министерството одат во спротивна насока и ја монополизираат положбата на јавните здравствени организации. Овие измени се во дискординација со стратегијата за реформи во здравството во РМ подготвени од истото министерство, поточно со нејзините основни принципи и постулати.

Еден од основните проблеми кој егзистира и кој понатаму не се решава и секако ствара големо незадоволство кај здравствените работници е системот на наплатување на застарените услуги и

наградувањата на трудот. По принципот пола риба пола девојка, приватното здравство работи во пазарни услови со цени на здравствени услуги, за разлика од јавното здравство кое се плаќа паушално, иако сме еден заеднички систем.

Многу од колегите од јавното здравство се материјално онеправдани во однос од нивниот материјално вложен труд и квалитетот на работењето, а оствареното мораат солидарно да го делат со по неквалитетни од себе и помалку работливи, да не употребам друг збор.

Моето инсистирање на Комисијата за здравство за допрецизирање на одредени членови на законот како амандманоско дополнување, не значи ситничарење, моето искуство и искуството на моите колеги од приватното здравство, од досегашната соработка со фондот кога врз основа на два исти непроменети членови од Законот со 124 и 131 на три пати беа променувани договорите, а со тоа и менувани условите за работа не натера на тоа.

Не би сакале во иднина приватното здравство да се развива во правно - несигурни услови кога Законот за здравствена заштита ќе биде толкуван према моменталните состојби и потреби на фондот. Верувањата од страна на министерството за инкорпорирање на поднесените амандмани на подзаконски акти даваат одредена сигурност која во блиска иднина ќе ја потфрли или утврди. По член 12 на Предлогот на измените на законот за здравствена заштита се врши реафирмација на институтот матичен лекар, кој како таков постоеше во тој закон, во член 31 став 1. Но сега се реафирмира на повисок степен и во првиот став на член 12 се вели дека тоа е право и должност на пациентот. Претпоставувам дека намерите на Министерството се да се создаде дисциплина во организацијата на здравствената заштита. Пациентите да не се шетаат по повеќе амбуланти и со тоа да се има контрола врз нивното здравје. Ова од друга страна значеше и оптоварување на Фондот во однос на приватното здравство кое функционира врз база на

остварени услуги. Секако дека ова е за поздравување. До колку е претходната намера и до колку не значи дека  тоа усмерување на пациентите кон јавното здравство, имајќи ги во предвид моќта и капацитетите во однос на приватното. Тука ги имам предвид секојдневните проблеми на пациентите кои после посета на приватна амбуланта се јавуваат во установи од јавното здравство поради болничко лечење, консултација или дијагностичка процедура при што доживуваат вербални непријатности, се делат на нашите и нивните. Секако дека тука влијание има и системот на наградување во јавното здравство кога оправданото незадоволство се смалува на страна на пациентот кој ни крив ни должен за оваа ситуација.

Дозволете ми да изразам лични резерви во однос на операционализацијата на овој член. Се поставува прашањето што со позицијата на фабричките лекари како и лекари назначени како матични од страна на работната организација и правото на избор на матичен лекар на осигуреникот. Конкретно фабриката за масло "Благој Горев" од Титов Велес со уредба му наложува на вработените да се лечат во одредена амбуланта наспроти важечкиот закон каде во член 41 став 1 пишува дека пациентот има право на избор на лекар.

Поставувам прашање? како ќе се применува законот во пракса при одење на матичниот лекар на боледување, годишен одмор, кратко усовршување, што доколку матичниот лекар ја промени здравствената организација или амбулантата внатре во организацијата, па биде преселен од еден крај на друг. Дали сето тоа ќе профункционира во јавното здравство и дали овие измени нема да се однесуваат на приватното здравство. Мислам од тука строго да се применуваат како и многу други одредби до сега. Дали пак нема да се применува политиката на двоен аршин од страна на Министерството за здравство.

Измените што ги носи член 13 а се однесуваат на член 42 од Законот за здравствена заштита значат дека наспроти досегашната

практика за осигуреникот за посета кај невропсихијатар, интернист оториноларинголог, околист, уролог ќе мора да има упат од матичниот лекар. Наспроти тврдењето на предлагачот во глава III каде тврди дека измените значат цитирам "поголемо користење на правото на здравствено осигурување", завршен цитата, на осигуреникот едно од постоечките права му се одзема. Што значи тоа за хроничните болни од ДИАБЕТ, од ИНФАРКТ од срцеви мани, бубрежни болни, епилепсија, не треба да се зборува. Дали чекањето пред матичен лекар, потоа пред специјалист за овие болни со тешко нарушено здравје значи поголемо користење на правата , или пак се мисли дека на тој начин ќе се намали бројот на пациенти во приватните специјалистички ординации.

Аргументацијата дека приватните специјалисти се сваштари и се лечат не важи во услови кога Фондот за здравствено осигурување признава само 18 обавени прегледи во тек на осум часовно работно време. Која би била причината во овие услови еден искусен специјалист да се спушта на лекар од општа пракса. Членовите 21 и 22 се модификација на членовите 124 и 131, имаа за цел договорно споредување на односите со здравствените организации врз основа на одредени изготвени критериуми према нормите во однос на бројот на жители. Сето ова би било за поздравување до колку во себе не носи намера за запирање на експанзија на приватизацијата во здравството. Овој песимизам произлегува од фактот што за разлика од приватните ординации ниту една јавна здравствена организација нема потпишано договор со фондот во кој би важеле истите одредби како и за приватните, а Законот ги изедначува и приватните и јавните здравствени организации. Се надевам дека овие критериуми Министерството за здравство ги има во предвид при утврдувањето на програмите за специјализација и при отворање на нови работни места за лекари по општа пракса во јавното здравство. Се плашам дека при операционализацијата на критериумите ќе се утврди дека не е земен во

предвид кадарот од приватното здравство, а ќе бидат раскинувани договори со лекари специјалисти и со општи лекари од приватното здравство, затоа што ќе се појави вишок од лекари специјалисти и лекари од општа пракса во здравствената мрежа во одредена територија.

**МИЛЧО ТРАЈКОВСКИ:** (Продолжение)

Во стратегијата за реформи во здравството во РМ, став 2 се зборува за поделба на работите со цел специјалистичко консултативната болничка и клиничката здравствена заштита на граѓанинот за добие здравствена заштита од компетентен тим со најмалку потрошени средства. Основен принцип, рационалност и ефективност. Потоа цитирам "во примарната здравствена заштита за принцип се зема просторна и временска достапност" - се прашувам дали овие принципи се повеќе застапени односно каде се повеќе се застапени и дали Фондот не го има предвид при ова склучувањето на договори или сето тоа ќе остане во рамките на декларативното изјаснување.

И на крајот што според мене е најважно, дали и колку беа во подготвувањето на измените на законот консултирани крајните корисници - осигурениците, без чии средства системот на здравствено осигурување и заштита не би функционирал. Кога ќе бидат прашани оние што со саати седат во аголот на чекалната и чекаат кога ќе им дојде редот да влезат и да ја чујат пресудата на единствените судии кои судат без порота - лекарите. Кога конечно ние лекарите ќе се слушнеме од позицијата на супериорност и препотенција и ќе сфатиме дека тие не се поради нас, туку ние сме поради нив. И на крајот, се надевам дека многу брзо, пред нас, на овие клупи ќе се најде новиот закон за здравствена заштита, кој што системски ќе ги реши нараснатите проблеми во здравството.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Марковски.

IX/2

**РИСТО МАРКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитуван минситре, дозволете ми, можноста можеби што повеќе дискутанти ќе се повториме во доста работи, но мислам дека предложените измени на Законот за здравствена заштита се многу важни и ги засегаат сите граѓани во нашата Република и дозволете да кажеме по некој збор.

Последните години здравствената заштита ни е многу тешка. Причините се изнесени во оценката за состојбите поради кои што се носи законот и не би сакал повторно да се навраќам на нив. Функционирањето на една значајна дејност како што е здравството, пред се зависи од средствата кои по различни основни се собираат. Од средствата зависи нивото и квалитетот на здравствените услуги, обемот на услугите, болничкиот стандард, снабденоста со лекови и друг медицински материјал, како и сите права кои што граѓаните ги користат по основ на здравствена заштита. Се разбира има и други фактори како што кадарот и неговата обученост, стручноста, организацијата на работа, општата здравствена култура на населението, лекарската етика итн. Мислам дека нашиот систем за здравствена заштита па и нашиот закон за здравствена заштита во основа се добри и не треба во целост да се менуваат, туку со повремени измени да сер прилагодуваат и усогласуваат, се во функција на поефикасна брза, достапна и поквалитетна здравствена заштита.

Во изминатите години нашата основна цел беше едноставно здравството да преживее, да се зачува достигнатото ниво и стандардот на услугите, со еден збор да не се назадува. Во тоа доста се успева, благодарение пред се и на високата свест и разбирање, ангажираност и

чувство за моментот во кој се живее, за здравствените работници, а секако и големата хуманитарна помош што се доби.

Основните начела на нашиот систем како што се солидарноста, взаемноста и задолжителноста треба и понатаму да се негуваат. Предложените измени и дополненија во законот ги подржувам и истите ги сфаќам во функција на обезбедување на поефикасна, порационална и поевтина здравствена заштита. Најголема корист од тоа треба да имаат осигурениците на услугите, зашто поефикасното, навременоти и целосното прибирање на средствата ќе овозможи и поголем стандард и поквалитетни услуги, повеќе лекови, подобра опрема итн.

Го поздравувам афирмирањето на Институтот на избран лекар, односно подигањето на повисоко ниво и во оваа прилика би сакасл да нагласам, можеби ќе се појават некои технички проблеми во практичната реализација на овој Институт, посебно во помалите организации, бидејќи јас доаѓам од Крушево каде што службите за општа медицина, брза помош, домашно лекување и селски амбуланти работат како една служба поради малиот број на лекари, ние имаме само 4 лекари, така да лекарите работа една недела прва смена, една трета, една недела на село, една недела сабота и недела и можеби пациентите не ќе можат секогаш да ги најдат, но во договор со Министерството и фондот за здравство ќе се најдат технички можности тоа да се усогласи во овие мали здравствени домови.

И на крајот би сакал да кажам дека потребата од донесувањето на овие измени е неодложна и законот треба да се донесе по итна постапка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Борис Костаќев.

**БОРИС КОСТАЌЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, сосема накратко сакам да се произнесам за некои состојби во здравството. Очајна е состојбата на финансиски план. Се помалку и помалку се прибираат средства. Сигурно така лошата финансиска состојба не може да остане без последици во целокупното работење До некаде здравството својата функција ја одржува благодарение на огромниот ентузијазам што го имаат лекарите и сите други здравствени работници. Не знам само до кога ќе ги држи тој ентузијазам. Полека како да го губат трпението. Луѓето во бело, односно стражарите на здравјето, на граѓаните не се така малку, над 30 илјади здравствени работници од кои 6 илјади лекари, не се задоволни со статусот што го уживаат не само сега, туку години наназад, да не речам со децении. Со плуралистичките промени и со целокупните збиднувања во општеството, очекуваа многу повеќе. Очекуваа промени во позитивна смисла, во давањето на посоодветна здравствена заштита на оние на кои им е таа неопходна, на болните на немоќните. Очекуваа подобри услови за своето творење, за своето работење, поголеми задоволства причинети од поголемите успеси во работењето. Се разбира дека очекуваа и подобрување и на личниот статус, наградување според заработеното, надминувањето на урамниловката на личните примања, со еден збор очекуваа подобрување на својот стандард. Сето ова се очекуваше со законот за здравствена заштита што е во тек. Но ништо од тоа бидејќи законот не ги оправда очекувањата.

Сега кога општеството е зафатено со транзиторните збиднувања, во прв ред приватизацијата, денационализацијата и слично најпотребно е носење на нов закон за здравствена заштита со кој ќе бидат исправени сите неправди, сите пропусти и тоа час поскоро.

Побудени од сите овие состојби министерот за здравство односно Министерството односно Владата на РМ ни понудија брзи измени во Законот за здравствена заштита во вид на предлог закон за изменување и дополнување на законот за здравствена заштита што е предмет на денешното продолжение на 29-седница на Собранието на РМ. Сигурно предлагачот на овој предлог закон нема илузии дека со него ќе се разрешат сите напластени проблеми во оваа област, туку некои од нив само да се ублажат, како би колку толку функционирало здравството.

Главната цел на измените и дополнувањата е собирањето на средствата за здравствената заштита, изборот на личен лекар, организирањето на лекарите во лекарски комори, но во расправите во пратеничките групи, колку што мене ми е познато е договорено да се расправа само за првите два сегменти, собирањето на средствата и изборот на личниот односно семејниот лекар.

На сите вас ви е познато како се прибираат средствата за здравствена заштита. Би рекол никако. Никако, затоа што досега никој не беше овластен да го контролира плаќањето на овие средства што потекнуваа од личните надоместоци. Од друга страна сите, сите знаете како се подигаа личните доходи, на најразлични начини, а најмалку на законскиот. Сега, со овој предлог на закон Фондот за здравствена заштита се овластува да го контрола уплаќањето на средствата за заштита и кои претпријатија и фирми тоа ќе го прават, на нив ќе им се

дава карта или потврда со која нивните вработени ќе можат да користат здравствена заштита и обратно.

Изборот на личен, односно семеен лекар како интуиција е предвидена и со постојниот закон. Меѓутоа, сега се очекува да заживее заради тоа што од бројот на корисниците и на здравствените услуги ќе зависи и неговиот личен доход. Со тоа се создава можност да се надминат проблемите со урамниловката при наградувањето. Се нема се, да не должам, нови со кои до некаде ќе се ублажат некои од проблемите и токму затоа уверен сум дека кај никој од вас, почитувани пратеници, нема да постои дилемата дали да гласате за овој закон или не.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Томе Божиновски.

**ТОМЕ БОЖИНОВСКИ:**

Почитувани колеги пратеници, јас не би сакал да се повторувам, моите колеги по струка изнесоа доста детали, туку само сакам да потенцирам неколку прашања воопшто со кои констатирајќи ќе кажам зошто ги поддржувам измените и зошто ќе гласам за овој закон.

Како прво би ги потенцирал условите во кои работи здравството со застарена опрема, со недостаток на средства, но сепак здравството функционира, на општо задоволство на осигурениците.

Исто така би ја потенцирал и упорноста односно заложбата на Министерството и на министерот и на вработените во здравството со цел за извршување на основните задачи на здравството - здравствената заштита на населението.

Овие промени што се нудат со законот за здравствена заштита, јас ги гледам како настојувања и заложби на Министерството за одржување и функционирање на едно вакво здравство кое што во неповолни услови на стопанството, сепак се труди да покаже за да одржи една здравствена заштита на населението.

Најбитни промени во овој предлог на закон е изборот на матичен лекар и редовно плаќање на придонесите за здравствена заштита. Тоа за мене претставува еден почетен нов квалитет во здравството со што крајна цел ќе биде на општо задоволство на осигурениците. Што значи почетни реформи, но не и доволни и сигурно дека овие промени во пракса ќе предизвикаат и некои потешкотии во функционирањето и во заживувањето, но се текот на времето сигурно дека ќе дадат и те како позитивни резултати.

Се залагам за коренити радикални промени во здравството со донесување на нов закон за здравство, а всушност и во целото општество, како што се потребни и се чувствуваат промени и во здравството како дел од животот и од општеството, секако ќе треба да следат радикални промени за едно посовремено и побогато здравство што ќе биде во корист на осигурениците. Со овие неколку работи јас ќе ги поддржам законските промени, иако се со одредено задоцнување, но никогаш не е доцна кога се има добра намера.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Павлов.

**БОРИС ПАВЛОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, сакам да се вклучам во дискусијата во врска со измените на здравствената

заштита. Мислам дека овој предлог за измена и дополнување на законот касно се носи, а можеби среќна околност е тоа што Владата прави максимални напори на некој начин да се одржи здравството како така. Од друга страна среќна околност беше и тоа што имавме една добра хуманитарна помош, инаку многу порано на одредени здравствени организации ќе се ставеше клуч.

Мене ми е повеќе целта на излегувањето да кажам затоа што ние овде се изредивме 5,6 или 10 пратеници и излегува како да е во прашање, дека ние како лекари се бориме нешто да направиме за здравствените работници. Ако го следите предлогот за измените и дополнувањата, може така да се Свади, но практично тоа е предлог за подобрување на здравствената заштита на населението. Можеби и здравствените работници како корисници би добиле од ова инаку како даватели на услуги сигурно сме заинтересирани да ни се подобрат условите за да можеме да пружиме поадекватна здравствена заштита. Со еден збор сакам да кажам дека верувам нема никакви дилеми меѓу пратениците на ова Собрание дека со прифаќањето на овој законски проект само може да се добие, зашто вака ако продолжиме, верувајте се она што беше кажано е на некој начин кажано малку и можда не во онаа права форма, затоа што навистина во одредени ситузации состојбите во одредени здравствени организации се доста лоши.

Вие знаете со укинувањето на зелените картони веднаш се зголеми бројот на пациентите во здравствените организации. Не дека ние тоа не го сакаме, можеби така треба да биде, но верувајте печати се даваа без оглед на тоа дали некој има платено или нема платено придонес за здравство. Во овој дел мора да се стави определен ред ако сакаме да имаме соодветна здравствена заштита.

Од друга страна здравството не смееме да го гледаме преку нас, затоа што ние како лекари можеме да дојдеме до привилегии до лекар, меѓутоа треба да бидеме сметка за народот во целина. Нема да се впуштам во она да го образлагам законот затоа што министерот добро кажа, а и колегите кажаа, меѓутоа чинам состојбата во здравството е дојдена пет до дванаесет и крајно е време да се обрне внимание на плаќањето на придонесите на оние што сакаат да користат здравствена заштита, било во јавното или приватното здравство. Затоа уште еднаш апелирам да го прифатиме овој закон а сигурно ќе има и амандманска расправа и тука можеби нешто ќе се дополни итн., меѓутоа јас во потполност го прифаќам проектот и предлагам да биде прифатен како таков.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок. Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот з а здравствена заштита.

Кој е за овој предлог молам да крене рака. (пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали има некој воздржан? (нема)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-ѓа Ратка Куљан Зографска.

Х/1.НН/ЉР

**РАТКА КУЉАН-ЗОГРАФСКА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Во областа на здравството два материјала се предмет на јавна и парламентарна расправа.

Едниот е стратегија за трансформација на здравството во 4 фази и другиот Предлог за дополнување на законот за здравствена заштита. Ова е општ претрес по овој Закон. По текстот на Предлогот за измена јас би сакала да го кажам следното.

Целта што сака да се постигне, дадена во глава III од образложението е следната:

Прво, финансиска дисциплина во прибирање на придонесат за здравство, поддржана од сите колеги претходно во расправата по предлогот за донесување на закон.

Второ, избор на матичен лекар како исто така поддржано од сите претходни дискутанти и Предлог законска регулатива за лекарската комора на Македонија односно комори на Македонија со членовите 145-а,146-б, 145-в, 145-г и 145-д и член 26.

Целта е јасна и логична со оглед на податокот дека во приходите на Фондот за здравство придонесите од платите учествуваат со, точно, 53,2%, значи најголемиот извор на пари се тие. Јас сум драги колеги приврзаник на изреката дека не постои бесплатен ручек. Секој бесплатен ручек некој го плака потоа. Нема ни здравство без пари. Затоа оттука за логичен го сметам предлогот на Фондот. Но, сметам дека состојбата во здравството сега во Македонија не дозволува зафаќање само на дел од здравствениот систем, а тоа е системот на здравствено осигурување преку кој едноставно се прибираат парите за Фондот.

X/2.-

Вториот систем, системот на здравствена заштита со кој тие пари ја организираат здравствената заштита на населението во овој период речиси би требало да се конзервира. Мислам дека тоа не е можно. Грижата за здравјето на населението во моментот е на гранична линија, по мое согледување на безбедно здравство. Тоа е лоша позиција, но по мое согледување, пак, е чекор напред од позицијата зависно здравство. Мислам на досегашната зависност од хуманитарната помош што пристигнуваше во тони. Значи, чекор сме понапред. Има опипливи показатели за тоа и јас ќе ви ги кажам во делот од мојата дејност. Немаше БСЖ вакцини за новородените, сега има,; крводарителството беше во прашање заради тестовите за крвта, сега ги има тестовите за крвта. Според стратегијата за реформи во здравството на страна 2, реченица прва "медицинската опрема е над 70% застарена и отпишана. Дел од таа помош, хуманитарна помош имаше улога на амортизационен фонд кој во здравството одамна не постои". Овај податок и податоците понатаму несомнено наметнуваат заклучок дека системот на здравствената заштита е блокиран и не трпи одлагање или едно подруго или едно по друго. Намерно не велам сукцесивно во решавањето на здравствената заштита. Намерно ги повторувам зборовите "не трпи и едноподруго", за да укажам на недостигот од предлог решенија во овој Закон што треба да се донесе во исто време. Затоа овој предлог за донесување на закон мене ми личи на фондовски. На чисто фондовски предлог. Мислам на фондот за здравствено осигурување. Имам една мала и една голема забелешка на овој фондовски предлог, делумно ги исцрпи во својата дискусија д-р Трпеновски ги кажа, јас само ќе ги спомнам. А тоа е:

Се предлага законска регулатива за прибирање на средства од категорија која што се намалува. Тоа е вработените. Вработувањето во Македонија е со тенденција на намалување во моментот.

X/3.-

Друго, големата замерка, се занемарува, опростува или не се санкционира долг кон себе, кон фондот неисплатен според постоечките закони. Другите 50%, или точно другите 47,7%, а тоа се обврските од Буџетот кои што изнесуваат милијарда денари за 19 95 година, а се исплатени 154 милиони, лесно за пресметување 15.4%. Долг од Заводот за вработување од 175 милиони исплатени 35 милиони и долг од ПИОМ од 500 милиони денари, тоа е веројатно понова бројка, јас ја имам бројката 27 5. Значи, не се искористени постоечките закони за да се приберат средствата по нив. Тоа е поголемата замерка.

На овој начин составен предлогот на корисниците на здравствени услуги можат да им изгледа како да има за цел две работи. Како да прибере пари од осигурениците, во првиот дел на Законот, и дека Законот се занимава со еснафот, односвање на комори, односно коморите. Бидејќи вториот дел е предмет на амандманска расправа јас сакам да дадам свој коментар на првиот, фондовскиот дел на Законот. Она што сакам да го потенцирам е следното.

Едноставно во овој момент не може да си го дозволиме комодитетот, условно земено, промените да се прават чекор по чекор. Мора да се прават паралелни чекори. Јас како пратеник во овој Парламент за извесни состојби во здравството, кога за него станува нема да си дозволам а да не ги кажам.

Прво, корисниците на здравствени услуги се незадоволни,

Второ, давателите на здравствени услуги се најзадоволни.

Во Законот мора да бидат видливи не само обврските на корисниците, кои што овде се дадени, туку и нивните права. Малку подоцна ќе елаборирам на кои права мислам.

Трето, недефиниран е делот во кој државата им ги обезбедува тие права на корисниците.

Четврто, сигурносните вентили на доброволно и приватно осигурување, глава II, страна 4 од стратегијата, се потреби порано одошто во фазата во која се предвидуваат, а тоа е четвртата фаза. Затоа што нема дадено времетраење на фазите ниту рок за нивно завршување.

Во делот на давателите на здравствени услуги и понатаму нема аморфизациони фондови. Нема фондови за едукација на кадрите. Наместо претходните две премногу долго ставката материјални трошоци постои за сите трошоци во здравствените установи. Поради недостаток на апаратура трпат дијагностички и фармацеутски процедури. Лекарот, импровизацијата треба да ја земе на своја совест за просечна плата од 15 илјади денари на две рати. Според мене искривоколчен, или искривен обид за солидарност е одговор да тие на две рати, но има толку и толку невработени лица во државата. Јас почитувани колеги зборувам за вработените 6.500 лекари во РМ и за вработените 25.000 во здравството. Проблемот на невработените лекари е исто така голем, но не е предмет на расправа денеска.

И во овие предлог промени на Законот не се брише членот 127 за дополнителна дејност. Објаснување од повереникот на Министерството на еден друг состанок, на Комората дека е неприменлив бидејќи го нема во Законот за работни односи стои меѓутоа категоријата работа од 24 часа, што ние ја викаме дежурство, како најевтина варијанта за обезбедување на 24 часовна служба во здравството ја нема во ниеден закон. Овој двоен аршин :или ова својство во толкување и спроведување на законите почитувани колеги веќе не поминува. Можноста за сигурносен вентил, за кој што се залагав кај корисниците на здравствена заштита се пропушта сега и во овој дел кај давателите на здравствена

заштита. Дополнителната дејност, тоа би можела да биде во првата фаза за обете категории и за пациентите и за лекарите. Вентилен систем како пандан на постоечкиот здравствен систем. Кругот, незадоволни пациенти, незадоволни лекари не е добро. Се залагам почитувани пратеници за доследност при учество во одреден проблематика во Парламентот заради наше ефикасно работење. Се обидува и јас тоа да го права,. Се залагав да имаме на ум дека заштитата на здравјето е основно човеково право. На други седници, кога зборувавме за други човекови права. Во тој контекст е моето учество во општата расправа по предлогот за донесување на овој Закон.

Сакам да заклучам. Тврдењето дека со предложените измени ќе се создаде финансиска дисциплина и ќе му се дадат поголеми овластувања и инструменти во прибирањето на придонесите, цитат од глава III во образложението не знам дали е можно во оваа институција. Претпоставувам дека правниците ќе го знаат тоа подобро. Не знам кои овластувања и инструменти фондот би можел да ги користи. Предложените мерки мене повеќе ми личат на двојна евиденција, еднаш во работните организации и втор пат во Фондот. Дали Фондот во спроведување на предложените мерки не си зема за обврска што всушност ја има постоечка институција во државата. Тоа е Заводот за платен промет. Поголемо користење на правата, глава III во образложението може граѓаните да ја сфатат како залагање за зголемување на правата. Тоа всушност не е зголемување на правата. Според мене правата на осигурениците во овој момент и во блискиот иден период не може да се зголемуваат според парите, туку тие се намалуваат. Меѓутоа во секој законски акт што се донесува и во секоја измена на закон треба тоа јасно да се каже за да давателите на услугите не бидат тие кои што ќе го кажуваат тоа. Според тоа сметам ако ова што го кажав, ви го кажав јасно дека Законот односно предлог измените

така како што се дадени, без голема амандманска расправа треба да се усвојат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот по Предлогот на закон.

Комисијата за здравство поднесе амандмани на член 12 став 1;член 14 став 2;член 20 во новиот член 76-г за додавање три нови члена 20-а, 20-б, и 20-в; член 25 во новиот член 145-а за додавање нов став по ставот 1; за менување на член 26; за додавава нова член 26-а; и на член 34 во новиот член 203-а став 1 и 2; со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Николина Трајановска поднесе амандман на член 4 во новиот член 17-а точка 1 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Кире Видимче поднесе амандман на член 11 и член 20, по кој Владата не се произнела.

ЗПК поднесе амандмани на член 7 став 1 на член 8 став 1 и член 9 став 2.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани за бришење на членовите 24, 25 и 26; член 34 и за бришење на новиот член 20-в и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Бранирод Михајловски и Живко Јанкуловски понесоа амандмани на член 14 став 2 за менување на член 21 и на член 22 став 1 и за бришење на став 2, по кои Владата не се произнела.

X/7.-

Пратеникот Игнатие Богдановски поднесе амандмани за додавање нов член 20-а и за додавање нов член 23-а по кој Владата не се произнела.

Пратениците Руфи Османи, Рами Туда, Сали Рамадани, Зекир Кадриу и Хисни Шакири поднесоа амандман на член 5 став 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на членот 4 во новиот член 17-а точка 1 поднесен од пратеникот Николина Трајановска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Амандманот на пратеничката Николина Трајановска не се прифаќа до причина што овој закон не ја третира популационата политика на Републиката.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за молам да крене рака?

2 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 во новиот член 17-а точка 1 поднесен од пратеникот Николина Трајановска.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1 поднесен од пратениците Руфи Османи, Рами Туда, Сали Рамадани, Зекир Кадриу и Хисни Шакири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

X/8.-

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Амандманот на пратениците не се прифаќа од причина што доколку тој се прифати, во тој случај нема да се знае што ќе биде основица за плаќање на придонесите.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Основица ќе биде истата основица која е зацртана во став 1 на овој член. Значи, се предвидува основицата да биде она што важи за правните лица т.е. исплатата на личен доход за претходните 3 месеци.

**ЈОВАН ТРПЕНОВСКИ:**

Овде се работи за основица на данок и придонеси на субјектите од став 2 на член 1 од Законот за плати, кои што се опфатени во член 5 од Законот за плати. Таму така како што во член 5 пишува, таа е основицата за данок и придонеси. 65% од просечната нето месечна плата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да кренат рака. 6 пратеника гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 5 став 1 поднесен од пратениците Руфи Османи, Рами Туда, Сали Рамадани, Зекир Кадриу и Хисни Шакири.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

X/9.-

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 и на член 9 став 2 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Амандманот на се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 11 поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Амандманот не се прифаќа, бидејќи доказот на платен придонес и начин на негово издаваше целосно е уреден со изменетиот член 11.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Амандманот го повлекуваат.

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 2 поднесе од пратениците: Бранимир Михајловски и Живко Јанкуловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Амандманот не се прифаќа од причини што ние мора виме стандарди и нормативи на кои ќе се развива здравствената мрежа во РМ и врз основа на тие стандарди и нормативи ќе се уредува колку лекари,

колку здравствени организации треба да има.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**БРАНИМИР МИХАЈЛОВСКИ:**

Почитуван потретседателе, почитувани пратеници, со предложениот амандман на член 14 и Предлогот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита само се ослободува текстот на Законот од една балас од непотребна формулација, затоа што во оној дел на текстот каде што се утврдуваат стандарди и нормативи за потребниот број на лекари тука би завршил текстот на предложениот член 14, точка 9 и се дава можност Министерството за здравство да ги утврдува тие стандарди и нормативи без да биде ограничено, дали тоа ќе биде според бројот на населението или други критериуми.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(12 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 14 став 2 поднесен од пратениците Бранирод Михајловски и Живко Јанкуловски.

Отворам претрес по амандманот на член 20 поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Филипче.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Амандманот не се прифаќа бидејќи е содржан во амандманот 3 на Комисијата за здравство и тој е составен дел на Законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Видимче го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 20-а поднесен од пратеникот Игнатие Богдановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Филипче.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Амандманот се прифаќа и ја поздравувам оваа иницијатива

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 21 поднесен од пратениците Бранирод Михајловски и Живко Јанкуловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Филипче.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Амандманот не се прифаќа од причини што со него се регулираат односите помеѓу Фондот и јавното здравство, бидејќи во други членови тој однос е регулиран и со другите партнери.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-дин Михајловски.

**БРАНИРОД МИХАЈЛОВСКИ:**

Мислам дека формулацијата што е дадена во амандманот II на член 21 фактички се овозможува едно изедначување на јавните здравствени организации и приватните здравствени организации, затоа што од досегашната пракса, тоа колегата Милчо најдобро го кажа во своето излагање овде пред оваа говорница, досегашната пракса зборува дека постои едно двојство односно нееднаков третман пред Фондот за здравствено осигурување на јавните здравствени организации и на здравствените организации кои вршат дејност со личен труд.

Сметам дека со овој амандман ќе бидат доведени во рамноправна положба и јавните здравствени организации и приватните здравствени организации, односно, оние организации кои вршат здравствена дејност со личен труд. На некој начин тие два облици на сопственост во здравството ќе бидат изедначени пред Уставот затоа што во член 55 став 2 од Уставот на РМ се вели дека Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот.

Со формулацијата дадена во член 21, фактички постои една опасност за здравствените организации, јавните здравствени организации и здравствените организации што обавуваат дејност со личен труд да бидат доведени во една нерамноправна положба, односно постојната состојба на приватните здравствени организации и понатаму ќе продолжи во однос на јавните здравствени организации. Само за илустрација, околу 18 приватни стоматолошки ординации денеска имаат склучено договор со Фондот за здравствена заштита. Бројот е нешто поголем кај општите здравствени организации. Тоа секако зборува дека овие институции, овие здравствени организации се доведени во една нерамноправна положба.

Со прифаќањето на амандманот на член 21 сметам дека јасно и децидно ќе се каже дека или јавните здравствени организации или здравствените организации што вршат дејност со личен труд, врз база на критериумите и стандардите што ќе ги изготви Министерството за здравство, ќе бидат доведени во, навистина, нерамноправна положба.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Филипче.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Мислам дека постои одредено недоразбирање. Всушност јас би го цитирал член 124 од Законот за здравствена заштита кој вели: "Надоместокот за укажаните услуги , материјалите и препишаните лекови од лекар кој самостојно со личен труд врши здравствена дејност паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување", сега внимавајте цитирам "под исти услови како и за здравствените организации".

XI/4.-

Овде има една дилема, ако ми дозволите 2-3 реченици. Бидејќи целта е иста и јавните здравствени организации и приватните здравствени организации да ги ставиме во исто рамниште. Оној лекар кој работи било во здравствена организација, јавна или приватна, ќе го ставиме на пазар. Пациентите ќе го изберат оној лекар кој е квалитетен. Ние не ги делиме дали работи во болница, амбуланта или приватна амбуланта. Јас сакам таа дилема да се симне. Сите лекари се рамноправни. Ние сме на услуга на граѓаните. Граѓаните нас не бираат. Ќе се плаќа во однос на тоа кој колку пациенти ќе има на својот список.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, последниве зборови на министерот ме заинтригираа да излезам овде и ме радува тоа што вели дека сите ќе бидат под еднакви услови. Но,. фактичката состојба сега моментално, не покажува така.

Имено, ќе кажам дека во центарот на еден голем град имаме приватен стоматолог кој има склучено договор со Фондот и кој може да работи со зелени картони што беа досега. За разлика од тоа имаме во населени места, во селски средини каде има мал број на пациенти тој не може да работи со тие картони и не може да добива надокнада од Фондот.

Јас би го прифатил вашето образложение доколку вие овде изјавите дека со посебни ваши уредби ќе го уредите ова прашање. Бидејќи амандманот поднесен од г-динот Михајловски, на кого се придружувам, многу јасно говори за тоа . Да нема дискриминација барем

помеѓу приватните лекари и стоматолози. Сега е јасно дека имаме голема дискриминација помеѓу нив. Нека се каже тогаш отворено дека ниту еден од приватните не може да биде корисник на Фондот или пак ако биде , тогаш ќе бидат сите под исти услови. Сега, како што е ситуацијата, мислам дека е направено да не се во рамноправна положба во сите лекари што имаат приватни ординации.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Филипче.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Јас се плашам од друго, лекари што работат во здравствени домови на својот грб нема да имаат ниту еден пациент и ќе одат во приватните здравствени организации.

Реков, ги ставаме сите на исто рамниште. Сите се на пазар и граѓаните ги бираат своите лекари.

Се појавува една друга дилема, дали ние во една населба ќе дозволиме 2-3 или 4 здравствени организации, приватни или јавни, а некаде , во некоја оддалечена населба не.

Врз основа на нашите критериуми ние ќе склучиме со една или две здравствени организации што работат во одредено подрачје, со третиот - четвртиот нема да склучиме. Но, ќе му кажеме одите во тоа и тоа село, таму отворете ординација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Панче Минов.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Неодминливо сакав да ги коментирам последната и претпоследната изјава на министерот.

На база она што значи уставна основа и интенција и на основниот и на овој предлог за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита, а тоа е подеднаквиот третман на јавните и приватните здравствени организации, едноставно се јавува една потреба, како што кажа и мојот колега Најдовски, за измена на реалноста во досегашното функционираше и досегашниот третман на јавното, визави , приватното здравство.

Што значи обврската што овде министерот ја презеде е за поздравување и има простор за повикување на негова доследност во практичното реализирање со подзаконски акти и со конкретни мерки на Министерството, со инструменти што ќе ги уреди Министерството да се надминат сите оние фактори и причинители што во досегашното функционирање на јавното визави приватното здравство имаше проблеми во нивниот рамноправен третман. И, ако добро го разбрав министерот тој го кажа, според мене, основниот норматив, а тоа е квантумот на избор на лекари. Тоа ќе биде, колку јас го разбирам, главниот основ и за склучување договор со Фондот за тој што ќе има значителен или најголем број избраници, да им биде општ лекар.

Тоа значи амандманот не го поддржувам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Трајков Милчо.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Намерите на министерот се искрени. Единствено од што се плашиме. и преска тоа го зборував, како тоа ќе изгледа во пракса. Во спроведување на овие нормативи, давам пример, Титов Велес да го земеме, моментално во Титов Велес има одреден број интернисти. Има 10 интернисти. Дали во тој предвид се земени и приватните

интернистички ординации? И, по тие нормативи ќе испадне дека на Титов Велес му требаат 8 интернисти. Што тоа значи? Дека Фондот ќе раскине со двајца приватни или значи дека Фондот ќе раскине договор со еден приватен и еден од јавната организација ќе остави на пат. Ако така се придржува на тие нормативи, јас сум апсолутно за поддршка и го поддржувам законот и измените, затоа што ми е речено дека во подзаконските акти тоа ќе биде решено. Доколку биде поинаку, тоа значи дека едноставно не се има ист аршин према приватното здравство.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Николов.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Иако не мислев денеска да зборувам во врска со законот, овие дилеми што се јавија овде ме принудија да се јавам. Еве зошто.

Зошто постои некоја плашливост од приватното јавно здравство, кога и едното и другото се ставени во една многу тешка позиција. Затоа се и предложени мерки.

Сигурно дека со стратегијата за развој на здравството ќе се регулираат некои односи. И треба тоа што побрзо да се донесе. Мислам дека во наредниот период од ова Собрание во најскоро време мора да се донесе еден закон што експлицитно ќе ги определи условите за работа, организацијата во работењето и квалитетот на пружањето на услуги, се со цел да се помогне на граѓаните. На оној кому треба здравствена заштита. Не може држава, ако нема заштита на границите, ако нема заштита на безбедноста, ако нема заштита на здравјето, да постои како држава. Тоа е секаде во светот. Затоа што не може држава да постои ако нема здрав народ. Држава без народ не е држава.

Ова страхување што се појави, да видиме, условите за работа се подеднакви. Денеска јас се плашам исто така дека приватното здравство го експлоатира јавното здравство. Еве зошто. Заради тоа што се што тоа значи: дијагностички, конзервативно - специјалистичко испитување, во рендген, во ЕХО-дијагностиката, во клиничките лаборатории итн., треба да обезбедам здравство и за пациентите што се определиле за приватното здравство. А, јас нема да добијам материјални средства од Фондот затоа што Фондот ги нема тие , да обезбедам реагенси за во лабораторија, да обезбедам и филмови и контрастни средства и се што треба за да се пружи онаа здравствена заштита , односно дијагностичко испитување на пациентот како е потребно. Заради тоа што не смее да постои, тоа е ривалство помеѓу едните и другите, законот експлицитно кажува сите сме ставени во подеднакви услови. Нормално и така ќе се однесуваме. Мислам дека и досега се однесувавме така. Дури во одредени услови можеби приватното здравство, вака како што е во амбулантско - поликлиничкиот дел е во поповолна положба, него здравството во секундарната и терцијалната здравствена заштита. Таму потребите се многу поголеми во делот на материјалното работење и обезбедување средства за обновување на веќе амортизираните или^ непостоечката опрема.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Трпеновски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

На почетокот зборувавме само за социјалниот аспект за фискалниот аспект на законот за здравствена заштита да прибереме пари. Сега се отвора нова страница, дека овој закон има нешто реформско во себе. Значи има нешто подлабоко. Што значи избор на лекар од примарната здравствена заштита, приватен или јавен. Тоа е

веќе создавање на конкурентен систем, плурален систем. Секој нека се грижи да биде љубезен и добар кон граѓанинот за да биде избран. Критериумот избран е основен критериум што после влече втор критериум со кого Фондот ќе склучи договор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Амандманот треба да се поддржи од неколку причини а тоа се причините што и министерот тука ги кажа. Меѓутоа, со едно не би се согласил кога рече дека е негово дискреционо право, односно на Министерството со кого ќе склучува договор Фондот. Тука мислам дека се прави доста голема грешка и неодржлива во услови на пазарната економија. Министерот рече дека ќе му се каже на тој што сака ако во едно населено место има повеќе такви што ќе пружат на пример, такви услуги во здравството, ќе му се кажува - дај оди во тоа место. Условите на пазарната економија тоа не го дозволуваат, бидејќи ако има услови еден да егзистира, тоа значи дека има работа. Според тоа, не треба такво дискреционо право да биде да се оневозможи оној кој ќе сака да врши услуги.

Се залагам за тоа задолжително сите учесници во здравствената заштита кои сакаат да бидат, дали од едниот или другиот сектор, на сите да им се даде право да можат тоа да го прават, договор со Фондот.

Исто така, ако се прави такво дискреционо право на Фондот, тогаш доаѓаме и во контрадикција со заложбата на законот. Заложбата е ќе се настојува да се обезбеди личен лекар. Ако некој од тие лични лекари, на пример што јас го сакам нема да има склучено договор, како ќе го

остварам тоа право. Значи, доаѓаме во колизија, не е она што сека да се постигне.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Министерот Филипче бараше збор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Министерот за здравство бараше збор.

Има збор г-динот Илија Филипче.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Мислам дека има недоразбирање. Ние ќе склучиме договор и со оној лекар кој на својот список ќе има и 5 пациенти. Меѓутоа, тој лекар нема да може да постои со така мал број на пациенти и тој сам ќе си ја затвори ординацијата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Богдановски.

**ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ:**

Дами и господа, навлеговме во една проблематика во која што во глобала веднаш да кажеме дека не треба да постои антагонизам меѓу приватното и државното здравство, односно јавното здравство. Меѓутоа во ваква констелација на односите какви што се денеска, конјуктурата која што во одредени гранки на медицината, која може да обезбеди профит во овој момент, тоа е оној проблем за кој што во глобала се бара сите здравствени работници. Меѓутоа, не треба да заборавиме дека во оваа држава останува една голема категорија, која што треба да се покрива, а тоа е, ако расчистивме со социјализмот, не расчистивме со социјалната проблематика во државата. Ние тука ќе се судруваме со тие делови. И во најглавните, во најголемите и најбогатите држави приватното здравство треба да биде конкуренција на јавното здравство во струка, во квалитет, да придонесе да имаме до максимум еден висок

степен на прием на пациентот и резултатите кои ќе произлезат од тоа, а ние или тие кои ќе бидат во јавното здравство, сакале или не сакале, ќе мора да зазираат и во дворот на комшијата. Не треба да заборавиме дека и во развиените земји носителите - немојте да ме сфатите буквално, затоа што на тој збор, носителите, може да се стави одредена забелешка, а тоа е дека развојот, перспективата на здравството во секоја држава мора да го прави државното здравство. Во која форма, во која ситуација, бидејќи да не тргнуваме од нас, бидејќи имаме хипертрофирано здравство до максимум било во квантитет, било различни димензии во квалитетот како во приватното така и во јавното здравство. Проблемите се многу Со нови односи, со пазар, но пазар на знаење и конјуктура, но неконјуктурна во политика. Јас во повеќе искажувања кажувам, не можеме да водиме политика ние во здравството, извршителите, туку политиката ќе ја водат оние органи и тела кои припаѓаат на државата, а ние ќе се конкурираме колегијално за интерес и добро на пациентот, на луѓето, а тоа на индиректен начин ни се враќа и на нас.

Има многу проблеми, сигурно нов закон треба да се донесе, но сигурно не можеме да прескокнеме од една позиција сега со сите атрибути на идеологија со која што сите, па и ние како луѓе сите во здравствените организации сакале или не сакале, ние си браниме одредени било стекнати позиции било позиции кои сакаме да ги обезбедиме ние кај нас. Тоа како таков антагонизам на политички план не смее да постои, да биде исклучиво на стручен план, конкуренција, за да може да биде двигател на вредности во државата, а тоа мора да кажеме дека ќе биде подолготраен период, бидејќи со ваква економија тоа не може да се постигне. Можете да сретнете денеска во средствата за јавно информирање разни искажувања, па и ноторни глупости во кои

приватизацијата претставува проблем, па со неа треба да се позабави и ОБСЕ, како да друга работа нема.

Перспективата на приватизацијата во здравството побрзо ќе дојде во стоматологијата, фармацијата, основното здравство, можеби и по пат на концесии, кои тие луѓе кои се денес во нашите здравствени организации хипертрофирани, ќе можеме, ќе видиме дека можеби не ќе имаме пациенти, па ќе речеме еден дел од овој простор да му понудиме опрема со која што располагаме да му ја дадеме, со која што тој ќе може да работи, но истовремено и ќе плаќа закупнина за тоа што е. Па ние или условно тие што работат во соседниот дел, ако видиме дека тој работи подобро и ние ќе се преиспитуваме како такви. Сиромашна држава сме, со многу мегаломански, така да кажам идеи и сите сакаме во овој момент до максимум да обезбедиме профит. Но, господо, овој закон носи и една многу добра организациона поставеност, сите не поставува да се преиспитаме како во приватното здравство така и во јавното здравство. Ние мора да се преиспитаме затоа што досега на некој начин живееме врз база на критериуми квантум, но сега ќе мораме да живееме врз база само на квалитет и оној кој што ќе може да пружи квалитет, тој во крајниот биланс ќе носи и одреден профит. Ние сега сакаме да фатиме сите од профитот низ одредена позиција, која што ви е монополистичка или да биде политичка во која што со ефекти да можеме да насочиме пари во одредена каса, било на јавното здравство било на институцијата.

Да резимирам, мали чекори се, но сите веќе почнуваме да се замислуваме во делот од овој закон , ова сега како почетни чекори што го нуди. Новите форми, па и на осигурувањето, кога ќе треба пациентот да избира кај кого ќе оди тогаш ние ќе видиме колку вредиме на пазарот. Можеби големи авторитети кои претставуваат во здравството, ќе мора да

одат по улица да прибираат пациенти, кои што сега можеби не ги примаат. Така што ќе влеземе во еден сосема друг критериум, а сега ние уште малку балансираме на сфера на политика, на сфера на идеологија, а тоа може да ни се врати како бумеранг. Организационо мора да се престроиме, мора да постои работна и технолошка дисциплина. По едни искажувања на мериторни стручњаци ние во нашето здравство само поради лоша организациона поставеност имаме 30% празен од , односно губиток на средства. Тоа се одразува и на пациентите, тоа се одразува и на здравствените работници.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласа&е.

Кој е за, молам да крене рака? 15 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на членот 21 поднесен од пратениците Бранирод Михајловски и Живко Јанкуловски.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 1 и за бришење на став 2, поднесен од пратениците Браниорд Михајловски и Живко Јанкуловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за здравство Илија Филипче.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Амандманот не се прифаќа од причина што постојат три вида здравствени организации, Јавна здравствена организација, приватна

здравствена организација и организација во фабриките и сите тие се ставени во одделни членови. Според тоа, овој сегмент е потенциран во дадениот став и за тоа не го прифаќаме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 4 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 22 став 1 и за бришење на став 2, поднесен до пратениците Бранирод Михајловски и Живко Јанкуловски.

Отворам претрес по амандманот за додавање на нов член 23-а, поднесен од пратеникот Игнатие Богдановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за здравство Илија Филипче.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот текстот.

Предлогот на законот го ставан на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

79 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?

1 пратеник се воздржа од гласање.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита.

Објавувам пауза од 30 минути.

(Пауза од 15,10 до 16,20 часот).

Продолжуваме со работа.

**Осма точка**.

Г-динот Биљали има деловничка интервенција.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Почитувани пратеници, предлагам оваа точка од дневниот ред да се одложи за утре, по можност, поради три причини. Прво, бидејќи се работи за многу важна точка од дневниот ред, секако е неопходно поголемо присуство на пратеници.

Второ, во јавноста постои голема заинтересираност за оваа точка од дневниот ред поради одделни интереси и сметам дека поради фактот што сега не се пренесува на ТВ оваа седница, голем број од граѓаните не можат да се информираат за некои битни прашања кои се однесуваат на нив.

Трето, сметам дека пратениците веќе се уморни за да се зафатат со едно толку важно прашање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Еве, добиваме информација дека Телевизијата пренесува. Се работи за Осма точка, а тоа е Предлог за донесување закон за ратификација на договорот за пријателство, добрососедство и соработка меѓу Република Македонија и Република Турција.

Значи, преминуваме на **осмата точка** - Предлог за донесување закон за ратификација на Договорот за пријателство, добрососедство и соработка меѓу Република Македонија и Република Турција  со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени однос- но поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Ние некако сме се навикнале за овие ратификации воопшто да не водиме расправа, а за Предлогот на законот за оваа ратификација мислам дека е многу важно и има некои специфичности. Затоа, треба да се расправа по мое мислење, и те како. Затоа, овој Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за пријателство, добрососедство и соработка меѓу Република Македонија и Република Турција, со Предлог на закон е доста по мое мислење закон  суи генерис

од овој вид на договори. Во овој мандатен период од скоро една година во овој Парламент се ратификувани многу договори односно спогодби без расправи и тогаш кога тоа беше многу потребно. Овој Договор меѓу Република Македонија и Република Турција не само што е еден од најважните договори со оваа пријателска земја, туку и воопшто ова е многу важен и специфичен договор. Јас лично сметам дека овој договор не би требало да се ратификува на брзина без расправа, формално.

Што се однесува до турската страна, можеби е се врет, а тоа е нејзина работа ако има пропусти. Меѓутоа , што се однесува до нашата држава, т.е, до нашата страна а тоа е Република Македонија тука работите се поинакви. Имено, во историјата знаеме какви ни беа односите, со векови поднаводници, тоа му припаѓа на минатиот период и ишала веќе да не се повторува. Сега имаме многу добри и пријателски односи и сите сме за натамошно унапредување во сите сфери на животот и знаеме зошто. Меѓутоа, горкото минато остави длабоки траги и тоа< не може да се надминува туку така, туку треба да се направи една длабока и сестрана анализа.

Што се однесува до односите во минатото и денес со Република Турција, имаме една голема хипотека, еден голем багаж на нерешени проблеми. Имено, и поради , и пред, и зад, а посебно после Втората Светска војна и од Република Македонија во Турција од разно разни причини се иселени можеби стотина илјади, можеби и малцински износ поранешни државјани и граѓани од Република Македонија, албанци, турци, муслимани, а можеби и роми и македонци.

Затоа, сметам дека на Предлогот за донесување на законот за ратификување на Договор за пријателство, добрососедство и соработка меѓу Република Македонија и Република Турција треба да му претходи

еден опширен извештај со детални статистички податоци, за времето, бројот националната и социјалната структура, полот, возраста, причините и сегашните состојби, потоа желбите и можностите за враќање на нашите иселеници и од Република Турција во својата прва единствена и убава татковина, во Република Македонија.

По конкретно, зошто го кажувам ова? Да речеме, само во членот 7 од Договорот, каде во ставот 1 многу убаво пишува "Страните потврдуваат дека турската националност во Република Македонија и иселените од Република Македонија во Република Турција уште повеќе ги зацврстуваат пријателските односи меѓу двете земји". Меѓутоа, меѓу ставот 1 и 2 има една голема празнина. На пример, зошто да не биде еден тест од овој вид, само еден мој предлог: Досега иселените од Република Македонија во Република Турција т.е. поранешните државјани и граѓани на Република Македонија иселени под притисок на монизмот, комунистичките власти, да можат слободно да се враќаат непречено под поволни услови, олеснувања и реинтегрирање, репартицирање во својата прва и убава татковина во Република Македонија.

Или пак го потенцирам посебно и членот 14 односно став 4, таму каде што пишува дека "страните ќе го поддржуваат и ќе го стимулираат изучувањето на македонскиот јазик во Република Турција и на турскиот јазик во Република Македонија". Нема ништо лошо, меѓутоа а каде е албанскиот јазик? Тоа би значело дека за еден добар дел граѓани на Република Македонија овој договор со Република Турција нема да важи, не може да се спроведува, а знаете дека овој Договор ќе трае најмалку 20 години, а потоа по 5 години може цел век. Значи, ние не сме ги решиле сите проблеми со Турција и проблеми ќе се јавуваат.

XII/10.-

Да не земам по втор пат збор, само да кажам дека предлагам да се подготви еден такво извештај како што предложив и потоа да се донесе овој закон, после една сестрана расправа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

XIII/1.- ДВ/МЛ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на договорот за пријателство, добрососедство и соработка меѓу Република Македонија и Република Турција.

Кој е за овој заклучок, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес на текстот на Предлогот на закон.

Пратеникот Сали Рамадани поднесе амандман на член 1 и на член 2 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од пратеникот сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот и би сакал за оние кои немаат увид во текстот да објаснам зошто. Затоа што во првиот член пратеникот Рамадани предлага да не се ратификува договорот и второ, се додека не

XIII/2.-

се измени текстот кој има доста односно Владата не подготви опширен извештај за иселениците, бивши државјани и граѓани на Република Македонија во Република Турција, пред се за и после Втората светска војна.

Би сакал да објаснам.

Прво, кај типот на ратификација да кажам дека ратификациите никогаш не подлежат на амандмани. Собранието, ратификациите има можност да ги прифати или да ги одбие.

Јас би сакал само да ве потсетам на еден факт што очигледно се заборава. Овој текст е прв од ваков вид што го потпишаа двајцата претседатели, претседателот на Република Македонија Киро Глигоров и господинот Демирел, претседател на Турција.

Очигледно е дека и турската страна и македонската страна се исклучително задоволни од тоа како досега се развиваа односите и очигледно е дека двете страни се уверени дека има доволно заеднички точки за да продолжи таа соработка. Наеднаш сега ние викаме дека не би требало да се ратификува. Не верувам дека ова е став.

Второ, ја правиме ратификацијата зависна од нешто што потполно нема врска со самиот проблем. Ако пратеникот бара извештај за тоа колку луѓе се иселени, може тоа да го добие во форма на пратенички прашања. Нека го упати до Владата, а јас сум сигурен дека Владата ќе му даде извештај. Меѓутоа, многу е симптоматично што сите овие работи турската страна не ги поставува, а ги поставува на пратеник, бранејќи ги правата на турски граѓани. Интересно.

Морам уште еднаш да кажам, Владата го одбива овој амандман.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Јас останувам при своето излагање и своите амандмани. Меѓутоа

да му кажам на министерот дека многу ми е јасно што значи ратификација и дека ја знам како ќе се гласа овде, немам дилеми за тоа, туку ме интересира и тврдам дека она што сум го кажал тоа е веќе отколку точно.

Да ви кажам искрено дека јас мислев дека е потписник министерот за надворешни работи господинот Стево Црвенковски. Да знаев дека е претседателот на Републиката, малку на друг начин би го составил текстот. Јa сметам дека сум потполно во право затоа што таква ратификација, ваков договор еднаш се потпишува, а овој не е целосен. Никој не може да ме убеди дека не може уште нешто да се додаде. Тоа значи ако е така потпишано од турската страна, не е чудно, бидејќи Турска ништо не губи, ние губиме. Тие денес се турски државјани, но бивши наши сонародници. Да речеме ние утре ќе потпишеме договор и со некоја друга земја. Не е исто ако се потпише таков договор со Јапан и со Турција. Тоа е голема разлика, затоа што знам дека правата на Албанците во Турција не може да ги брани само Македонија. Таму се иселени луѓе од целиот Балкан, и од Косово и од Албанија и другите места во бивша Југославија. Меѓутоа, и ние имаме дел од тие сограѓани во Турција и треба да водиме сметка како за Македонците кои живеат во Грција, во Бугарија и во целиот свет. Значи јас го сфаќам на ваков начин и би требало овој договор, да бевме консултирани на време сигурно ќе дадевме друго мислење или некои предлози да се прифатат. Тоа не значи ако е ваков текст составен, било каков да е и каква личност го потпишала од наша и од турска страна, дека мора да биде таков. Значи, јас кога би бил еден од тие составувачи би составил таков текст кој би бил од корист на сите наши бивши граѓани, затоа што само од Кичево можеби половината и Албанци и Турци и Муслимани се иселени, а добар дел од нив бараат и да се вратат, а да ви кажам искрено јас имам такви и од моите најблиски роднини. Значи ние одиме утре во Турција, било тоа

службено или приватно и ако бидеме прашани за тоа не ќе можеме да им дадеме одговор. Со мојот предлог иако знаев дека нема да се прифати ни од Владата ни од пратениците, сепак јас сум не само со чисти раце туку и со чист образ.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Само една интервенција јазична. Дали во текстот треба да стои добрososедство. Ние соседи со Турција не сме. Има пријателство, добрососедство и соработка.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Морам да ви признам една работа. И ние во Владата прв пат кога го гледавме текстот се зачудивме добрососедство од каде стои, бидејќи не сме директни соседи. Меѓутоа, беше објаснето дека има низа договори кои се потпишани и тука добрососедство не се употребува како географски поим, туку се употребува да го опише квалитетот на видовите. Такви договори Турција има, исто за добрососедство, потпишано со Република Албанија и со Република Романија, што значи се смета на една соработка во еден поширок регион, а квалитетот на односи се означува со тој термин. Тоа е некој термин кој влегол во вообичаена пракса. И тоа не ќе можеме да го смениме откако веќе е потпишан договорот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор по амандманот.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници. Мислам дека сепак тоа е добар преседан во однос на ратификација овој закон, од проста причина што некогаш и треба за некои ратификациони документи

што ги донесуваме малку да ја отвориме проблематиката. Видете, од едно испадна друго и овој терминот што сега го толкуваме, важен е тоа момент за нас, да видиме зошто се работи.

Мислам дека господинот Миљовски денес земал тешка задача. Од име на Влада да, но од сектор сосема друг да објаснува некои работи кои што требаше ресорниот министер тоа да го направи. Меѓутоа, јас исто така го делам мислењето дека овие размислувања на колегата сали не ќе можат нити може денес тоа да влезе во текстот на договорот кој треба да се ратификува. Меѓутоа има некои специфичности што во односите, односно за натамошно градење на односите со Турција треба постојано да се имаат во предвид. Македонија носи една, така да кажам, не за оваа генерација сега, туку за генерација мината можеби и поблиску до мојата, една хипотека за која заедно со Турција сега во натамошните пријателски односи, градејќи ги, треба таа хипотека да ја надминеме.

Во годините између 51 и 65 на Македонија и беше наметнато од одредени други, би рекол дури и не толку наклонети македонски сили во бивша Југославија да биде центар за иселување на одредени граѓани од бивша Југославија. Тие се доселуваа овде, за да се отселат од тука, тука добиваат статус на некоја националност на која не и припаѓаат, дефакто. Мислам дека за тоа пред се е свесна Турска но мислам дека е свесна и нашата Влада и тоа треба да се има предвид. Тие специфичности во доградување на конкретните договори за конкретните односи треба натаму да се имаат предвид. Од таа гледна точка мислам дека има вредност само спомнувањето на проблематиката и на взаемната обврска, а не толку дали денес ќе внесеме некоја формулација или не.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

XIII/6.-

**КЕНАН ХАСИПИ:**

Немав намера да дискутирам, меѓутоа, по се изгледа, барем јас така мислам сум најповикан со тоа што претставувам една популација овде како единствен пратеник.

Прво ја поздравувам оваа ратификација и веројатно ќе ги поздравувам сите идни со ваков состав.

Оваа расправа што пред пет - десет минути се начна, не е ред да се начнува при ратификација на договори, што не значи дека во идно време нема да се отвори таа проблематика. Можностите да се расправа за таа проблематика во Парламентот се бројни. Од поставување на пратенички прашања преку бараше на соодветни информации итн.

Посебно седум пријатно изненаден од дискусијата на господинот Рамадани што во секој случај претставува една смерница при идни вакви договори да се има предвид и таа страна, до толку повеќе што постојано тврдиме дека нашите иселеници во Турција и Турците што овде живеат претставуваат мост на пријателство. Сметам дека не доволно го користиме тој мост, а за да го искористиме доволно тој мост треба да преземаме и некои практични чекори во таа смисла.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (9 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот ка член 1, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен о^ пратеникот Сали Рамадани.

Господинот Миљовски има збор.

XIII/7.-

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот 2 го предлага господинот Сали Рамадани гласи Во членот 2 после зборовите "на македонски", да се стави запирка и да се додаде зборот "албански јазик".

Владата го одбива овој амандман затоа што документот се потпишува на двата официјални јазици. Официјалните јазици се македонски и турски.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Еве денес од министерот не надлежен за овој ресор

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Министерот е надлежен, ве молам, тој е претставник на Владата.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Прв пат разбрав кој е официјален јазик во Македонија, не знаев, затоа му благодарам. Меѓутоа за ова ќе отвориме ние посебна расправа затоа што фамозниот член 7, знаете дека нема став 1 туку има и став 2 и 3, па затоа мојата намера, со оглед кое население, која популација јас претставувам, моја должност е тука затоа што ние гласавме еден закон, гласавте без нас, без онаа петорката наша, без моите скифтери. Како што знаете го гласавте Законот за локална самоуправа и дека јас произлегувам од таква самоуправна локална единица каде има над 50% албанци. Значи, оваа ратификација треба и таму да важи, а се знае таму какво е гласањето. Значи, покрај македонскиот јазик и во моето Кичево во службена употреба е и албанскиот јазик. Затоа тој е во право, но и јас сум во право што го барам ова моето тука.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (5 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (58 пратеници).

Дали има некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Очигледно некој не гласал.

Молам за информација колку пратеници се присутни во салата.

64 пратеници се присутни во салата. Значи некој не гласал.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на договорот за пријателство, добрососедство и соработка меѓу Република Македонија и Република Турција.

Ви предлагам да ја прифатиме оваа сугестија на господин Биљали, а вечерва да го апсолвираме ако е можно и Предлогот за донесување на закон за ловот. За утре да ни остане само законот за денационализација.

Минуваме на **точка 9** - Предлог за донесување на закон за ловот.

Предлогот за донесување на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

XIII/9.-

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесуваше на законот за ловот.

Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог-закон за ловот, при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието.

Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (58 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Очигледно дека некој не гласал.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Продолжуваме утре во 10 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,50 часот).